СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр,

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 10 јануари 1992 година

Скопје, јануари 1992 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 10 јануари 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Живееме во едно време немирно и полно со застрашувачки појави и ирационални настани. Ние знаеме дека секој ден во Југославија паѓаат човечки животи во една ирационална војна и сега кога почна петнаесеттото примирје беа соборени два хеликоптера. Притоа, животот го изгубија членови на посматрачката мисија на европската заедница, луѓе кои прифатиле овде да работат, да ги ризикуваат животите да би ни помогнале да воспоставиме мир и да најдеме политичко решение. Тие луѓе без било каква кривица, вина ги изгубија животите овде од актери и во еден настан кој никој не може да го оправда, никој не може да го објасни,

Да се придружиме на длабоката жалост на членовите на нивните семејства и предлагам со едноминутно молчење да им оддадеме почит. (Пратениците и присутните во салата им оддаваат почит).

Слава им.

Пратениците Гоце Андоновски, Димитар Димитровски, Димитар Поповски и Шабан Превала ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата поканети се: претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија д-р Васил Тупурковски, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог?

Се согласувате.

Предлагам дневниот ред на денешната седница да се дополни со оставката на членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија д-р Васил Тупурковски.

Молам, кој за овој предлог да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (Не)

Констатирам дека предлогот за дополнување на дневниот ред е усвоен.

Исто така, предлагам дневниот ред да се дополни со избор на членови на Владата и министри и именување на заменици на министри.

Молам, кој е за овој предлог да крене рака? (6о)

За гласаа 60 пратеници.

Дали има некој против?(1)

Дали некој се воздржува од гласање? (29)

Констатирам дека предлогот за дополнување на дневниот ред е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Информација на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров за меѓународната политичка активност на Република Македонија,

2. Информација за политичко-безбедносната состојба во Република Македонија по донесување на Одлуката за одржување на референдум за политичка и територијална автономија на Албанците во Македонија.

3. Оставка на членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Република Македонија д-р Васил Тупурковски;

4. Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за народна одбрана;

5. Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи;

6. Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура,

7. Именување на заменик на министерот за внатрешни работи;

8. Именување на заменик на министерот за финансии;

9. Именување на заменик на министерот за стопанство;

10. Именување на заменик на министерот за развој;

11. Именување на заменик на министерот за образование и физичка култура;

12. Именување на заменик на министерот за наука;

13. Именување на заменик на министерот за култура;

14. Именување на заменик на министерот за здравство;

15. Именување на заменик на министерот за информации.

Со оглед на значењето на предложениот дневен ред, предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За гласаа 81 пратеник.

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Предлагам, поради околноста што по втората точка која е значајна, а Информацијата пратениците непосредно пред почетокот на седницата ја добија т.е. околу 12,00 часот, да расправаме откако ќе завршиме по првата точка и кога сите овие, оставката на членот на Претседателството и изборот на министри и именување на заменици ги минеме, а потоа да направиме една поголема пауза добро да се договориме како ќе се осмисли таа точка, да ги добиеме извештаите на комисиите, пратеничките групи да се состанат и врз основа на тоа да седнеме и да продолжиме со седницата.

Дали се согласувате со таков предлог?

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За гласаа 61 пратеник.

Дали има против? (23)

Дали некој се воздржува (3)

Според тоа се договоривме.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - Информација на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров за меѓународната политичка активност на Република Македонија.

Збор му давам на претседателот на Република Македонија, г-динот Киро Глигоров.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитувани пратеници, за нашата надворешна политика и вкупната политичка активност на надворешен план документирано и опстојно на една од наредните седници со сите нужни мерки кои произлегуваат од сегашната ситуација, потоа нужната организација и натамошните чекори ќе ве информира министерот за односи со странство, Денко Малевски, затоа е потребна и соодветна подготовка. Мојата задача е денес да ве информирам за најзначајните настани во последно време, поодделно за разговорите во Брисел на мировната конференција за Југославија и за разговорите што ги имавме со претставниците на Република Србија.

Досегашната активност, на органите на Република Македонија беше насочена кон запознавање на што е можно, разбира се, повеќе земји особено европските земји, и посебно членките на Европската заедница со нашата политика, нашите видувања на југословенската криза, односите со нашите соседи, како и со сите оние

чекори што Републиката ги презеде за признавање на самостојноста и независноста на Република Македонија. Бидејќи секоја политика подлежи на проверка во стварноста, во животот, фактот дека на Балканот е разгорена војна во Југославија, егзистира една Република која стори се да не биде вклучена во војната колку што тоа беше, разбира се, максимално можно, бидејќи посредно ги почувствувавме последиците од војната, а и непосредно загубивме и драгоцени човечки животи иако од наша страна не беше ништо сторено да се случи војна, повеќе од секоја декларативна политика се покажа дека е можен европски пример на решаваше на така крупно прашање како што е државноста на една Република и нејзиното меѓународно признавање без крв, без меѓусебна војна, со демократски и со политички средства. Една етапа од тој процес се привршува. Македонија е кандидат за да биде меѓународно призната за независна и суверена држава без оглед на сите обиди да остане во некој остаток од Југославија, да се откаже од името или пак што некои сакаат да ја признаат, но не и да ја признаат македонската нација. Ништо веќе не може да го промени фактот дека граѓаните на Македонија се определија врз правото на самоопределуваше да живеат во самостојна суверена држава и само е прашање на време, но и на сигурност во себе си, упорност во настојувањето со сета потребна тактичност да се образлага нашето право, нашата позиција и цврста и дефинитивна определеност да бидеме меѓународно призната држава.

Признавањето од одделни држави ќе биде постепено и веќе досега во една или во друга форма неколку држави се подготвени да донесат или да покренат постапки за донесување на такви одлуки. Никаква нервоза во врска со тоа не е потребна, имајќи ја во предвид сета чувствителност и емотивен однос на нашите луѓе кон ова прашање. Сега е битно да се дејствува и тоа да се дејствува

рационално бидејќи е сосема јасно дека ние ги исполнуваме сите услови по сите меѓународни критериуми да бидеме признаени за независна и самостојна држава.

Фактичката самостојност на една држава и нејзината независност почнува со моментот кога една земја и еден народ почнат да градат сопствена, независна политика, се другото, а случајот со нас е токму таков ќе дојде порано или покасно. Нашата политика ја градат уставните фактори, парламентот, Владата и нашата јавност и тоа е и гаранцијата дека порано или покасно ние ќе бидеме независна држава. Признавањето на Македонија ќе има мошне позитивно значење на Балканот. Јас сум во тоа длабоко убеден, но исто така многу позитивно значење ќе има и за мирот во Југославија и за создавање услови за мирно сожителство со сите соседи, за затворање на оние страници на историјата заради кои се водеа војни на Балканот врз основа на претензии да се определува судбината на нашиот народ.

Одделните оспорувања можат да направат само штета и ништо повеќе, но тоа може да биде привремено. За жал, место да ги зацврсти пријателските и добрососедските односи ќе ги забави и ќе ги отежне. Но, тоа е нашата реалност. На овие просторни уште се присутни сеништата на историјата, траумите одминатото и недовербата но со сето тоа мора да сметаме за да се создадат можности преку една долгорочна принципиелна политика која е во интерес не само на нас туку е и во интерес на мирот и соработката на Балканот, да се свртиме сите заедно кон XX1-от век, а не како со војната во Југославија или со оспорувањата на независноста на Македонија да се враќаме во X1X-от век. Тоа, особено болно го доживуваме од оние соседи кои наместо да ни помагаат

како на народ кој последен на Балканот ја добива својата независност и меѓународното признание ни го оспоруваат било името на државата, било името на нацијата.

Долг беше историскиот од, по макките за да дојдеме до овој миг и можеме сите да бидеме уверени оти нема да го испуштиме од раце и спокојно и во полна активност треба да го очекуваме. Ние имаме разбирање и за оние наши соседи и за нивните проблеми па ако сакате заблуди од историјата, мислам на тие што не оспоруваат, тоа беше и причината зошто ние без гнев пристапивме дури на менувањето на нашиот Устав, туку што донесен, во него да внесеме невообичаени клаузули само да се искаже до крај нашата добра волја, но од нас не може да се очекува да се откажеме од името било на државата, било на нацијата на тоа никој во светот нема право.

Можам да ве уверам дека сите наши соговорници изрично или прекутно изразуваат изненадување заради таквите барања за да веднаш речат дека се тоа остатоци од минатото на Балканот. Ако се премине преку нив, а јас сум уверен дека тоа е само прашање на време, сите држави и народи ќе добијат никој нема да загуби, пред сите нас ќе се отвори ера на слободна и пријателска соработка во мир и сигурност за сите балкански народи. Македонија со 2 милиона жители, без војска и некоја голема економска сила никого и кога би сакала не може да загрози, таа тоа го декларираше пред сите но таа нема никогаш да биде било чие орудие, нема да служи на идеите или интересите на било која држава чувајќи го својот идентитет, својата независност и правото сама да ја држи судбината во сопствени раце. Тешки се поуките од историјата и длабоко е нашето паметење од приклонувањето кон било чии претензии и пропаганди, изми и фили,

бугарофили, србофили и тн. Независноста на Македонија, се разбира и на другите републики што тоа го посакуваат и ги исполнуваат условите може само да го забрза и решавањето на Југословенската криза. Тоа може да доведе во мир, до нова реалност во која секој ќе бара точки за взаемни интереси, за соработка и за здружување. Ако ништо друго заради тоа што ќе се создадат одговорни субјекти кои ќе се соочат со предизвиците на животот, развојот, потребата да бидат прифатени од Европа и од светот, а со тоа секој многу поодговорно ќе се однесува кон општонародниот повик за мир, за благосостојба и заедничка иднина. Најлошо е она што сега се случува. Нема легитимни федерални органи, се распаѓа наследената структура и државна и политичка, републиките уште не се вистински меѓународни субјекти за да ја понесат исцело полната одговорност за себе, и, разбира се, одговорноста пред меѓународната јавност. Таквата хибридна состојба никому не користи освен на оние кои сакаат да ловат во матно, преку војна, продаваше на оружје и преку национална омраза.

КИРО ГЛИГОРОВ: (продолжение)

Во тие безредија тие имаат улога на јунаци во куклен театар, а некои одзади ги влече конците со крвави раце, а како декор зад нив се разрушените градови и нови застрашувачки мобили. Ете зошто меѓународната заедница треба што побрзо да испрати мировни сили во кризните жаришта. Ете зошто треба да ги признае демократски конституираните држави за членки на меѓународната заедница, меѓу нив и Македонија и ете зошто меѓународната заедница треба да ги повика сите републики да се асоцираат во Европската заедница.

Длабоко сум уверен дека таквиот повик ќе придонесе не помалку, туку повеќе за мирот во Југославија од испраќањето на мировни трупи што не значи дека тие не се потребни. Напротив, посебно што таквата можност ќе ги поттикне сите демократски сили и демократски процеси во сите републики и ќе отвори перспективи за сите народи.

Во исто време може да се рече дека е тоа суштината на она што вчера го реков на заседанието на мировната конференција во Брисел. На ова само да додадам дојде време да пристапиме и кон меѓусебно признавање на републиките кои се за тоа подготвени.

Во врска со тоа вчера му предложив на претседателот на Словенија Милан Кучан, а потоа и на претседателот на Хрватска Фрањо Туѓман, пред 15 јануари нашите Влади да донесат такви одлуки да се изврши меѓусебно признавање во исти ден и потоа да се разменат ноти за воспоставување на дипломатски односи. И едниот и другиот се согласија и предложија тоа ако е можно да се стори во понеделник или најкасно во среда.

Нашита дипломатска активност во периодот кој е пред нас уште повеќе треба да зајакне. И во тој контекст одлучив д-р Васил Тупурковски, досегашниот член на Претседателството на СФРЈ во својство на специјален пратеник на претседателот на Република Македонија да биде онолку време колку е потребно, месец - два, повеќе месеци во овој период на време кога е од извонредна важност да бидеме повеќе присутни во САД и таму да ја води нужната дипломатска активност.

Ние во целост веќе треба да се однесуваме во сите свои постапки како независна и самостојна држава со сите консеквенции кои од тоа произлегуваат. Признавањето само ќе го потврди тој факт.

Сега дозволете да кажам уште неколку информации. Најнапред за одлуките во Хаг, а потоа за разговорите во Лондон и Брисел и најпосле за разговорите со српското раководство.

Одлуките во Хаг се донесени едногласно без противење на било која страна учесничка и ги содржат следните решенија.

Прво, да се поддржи продолжувањето на мировната мисија во кризните жаришта.

Второ, да продолжи со работа конференцијата за мирот во Југославија.

Трето, да се обнови работата на трите работни групи

- за човечки права;
- за институционалните прашања;
- за економските прашања.

Четврто, да се формира четврта работна група за наследството од југословенската држава. Правата и обврските. Со тоа да таа група биде формирана после 15 јануари, во една нова состојба кога веќе ќе имаме една нова позиција, признаени држави и во светло на тоа и соодветен пристап кон разрешувањето на се она што преостанува од заедничкиот живот во права и обврски.

Петто, да се стимулираат и билатералните средби за побрзо расчистување на спорни прашања за да може Конференцијата побрзо да заврши со својата работа.

Како што реков никој не се противеше и никој немаше забелешки.

Што се однесува до посетата во Лондон и во Брисел, како што е познато, имав две билатерални средби со министерот за надворешни работи господин Хард и со министерот за надворешни работи на Белгија господинот Ејскенс.

И во едната и во другата средба покрај разгледувањето на се она што е во врска со југословенската криза беше расправа околу состојбите во Македонија, нашата политика, нашите определби итн. Посебно беше третирано прашањето покренато од страна на Грција за името на Македонија и во еден поширок контекст целокупните состојби сврзани со натамошното продолжување на работата на Конференцијата во Брисел.

Можам слободно да констатирам дека беше исцело поддржана мировната политика и се досега што сторила Македонија по мирен пат да дојде до самостојност и независност и исто така се она што сторила на патот за проширување на меѓународната соработка, меѓународното разбирање, иницијативите и учеството во разрешувањето на југословенската криза и сл.

Една за нас многу значајна средба бидејќи со Велика Британија како една од членките на Советот за безбедност и како една од членките на Европската заедница беше нужно да зајакнат тие врски, да се продолжи дијалогот. Јас се надевам дека од тоа ќе произлезат и некои позитивни последици во смисла на размена на посети натаму, директно запознавање. Ги повикав да отворат соодветно претставништво во Скопје, како претставништво на Велика Британија итн.

Слична беше средбата и со министерот за надворешни работи на Белгија, кој и сам започна со тоа дека е запознаат со позитивната улога која ја игра Македонија во разврската на југословенската криза, со нашиот процес на мирно разрешување на конфликтите, на осамостојувањето на Македонија. Пак беше исто така, збор за името на Македонија и што може да се стори во тој поглед. И по разјаснувањето за што се работи итн. пак беше изразено едно чудење зошто се инсистира на тоа и што тоа треба всушност да значи.

Најпосле би сакал да ве запознам со разговорите кои ги водевме со раководството на Србија. Учесниците ви се познати.

Иницијативата за овие разговори ја даде претседателот на Србија Слободан Милошевиќ. Ние ја прифативме иницијативата се договоривме за датумот и по предлогот да биде во Охрид тоа беше , исто така, прифатено да разговараме сосема отворено без дневен ред, секоја страна да си каже што мисли и да видиме што можеме да сториме во оваа ситуација.

Јас му дадов збор на гостинот, како што е ред, и тој излезе со едно гледање дека нас не поврзуваат многу интереси и дека најдобро би било да ние бидеме заедно со нив во една заедничка држава. Се разбира, рече немаме ништо против Македонија да биде суверена и самостојна, но зошто како таква да не биде заедно со нас. Тоа беше срцта на она што беше истапувањето, се разбира со доста други опишувања на ситуацијата итн., што е повеќе или помалку познато.

Но, во својата основна нотка, освен ова прашање се забележува едно друго интонирање и објаснување на некои настани, како на пример оградување од изјавата на Кошутиќ дека толку стотина илјади Срби во Македонија итн., дека тоа и да е двојно повеќе како што покажува статистиката, а нема причини да не се верува на статистиката очигледно се работи за нешто што воопшто не одговара на вистинската состојба. И едно пошироко разбирање дека без оглед на се можеме да соработуваме итн.

Од своја страна ние веднаш после тоа излагање го рековме следното.

Македонија како прв приоритет има признавањето на независноста и самостојноста на Македонија. Прво тоа сакаме да го постигнеме и тоа е она што нас не преокупира како основна задача од која ние не можеме да отстапиме. Потоа спремни сме со Србија, со сите други соседи да разговараме за секаква соработка. Соседи сме , ќе живееме и натаму заедно на овие простори, имаме заеднички проблеми од транспортот, енергетиката, до врски поштенски и други, и секако ако некој треба да соработува соседите имаат најмногу причини помеѓу себе да соработуваат. Но, тоа е се сврзано со тоа да ние го постигнеме она што ни е основната

цел за која сме сториле се што е нужно и сметаме дека ќе бидеме разбрани.

Потоа, морам да кажам дека настапи едно излагање кое впрочем и на некој начин е јавно презентирано не само од мене туку и од Слободан Милошевиќ дека они ја сфаќаат таа ситуација и сметаат дека сите одлуки на народот што ги донел во Македонија ќе ги почитуваат. Ако решиме да бидеме самостојна и независна држава они тоа ќе го почитуваат. Они сметаат дека на овој начин подобро би било, би имале помалку штета економска и друга, како и они, но се разбира тоа е наше право и ако ние така одлучиме они ќе го почитуваат.

Посебно потоа се осврнавме на потребата да не настанат некои поголеми штети при сите овие сега прекинувања на пазари, транспортни врски итн. дека е нужно да се состанат претседателите на владите, претседателите на стопанските комори и конкретните прашања од взаемната соработка да ги разгледаат. Во врска со тоа на последната средба во Брисел се договоривме со претседателот на Република Србија Слободан Милошевиќ да одржиме уште една средба со претседателите на владите, за да дадеме поттик тие економски прашања кои можат да се решаваат во корист на една и друга страна, и без штета заради сегашната состојба, додека сите тие работи не се средат да една таква средба одржиме. За дата не сме договориле, остана повторно да се чуеме и да се договориме кога би било тоа направено.

Ете , тоа е се што сакав да Ве информирам во врска со последните настани, за кои сметам дека и покажавте интерес, а и без оглед на тоа требаше да бидеме информирани.

СТОЈАН АНДОВ:

Благодарам.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој),

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието ја усвојува информацијата на претседателот на Република Македонија за меѓународно - политичката активност на Република Македонија.

2. Собранието му дава целосна поддршка на претседателот на Република Македонија за активностите што ги презема на меѓународен план за афирмирање и признавање на суверена и независна Македонија.

Молам, кој е за предложениот заклучок?(98 пратеници)

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(4 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 3 - Оставка на членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Република Македонија д-р Васил Тупурковски.

д-р Васил Тупурковски на 8 јануари 1992 година, поднесе оставка во која се наведени причините поради што ја поднесува оставката.

Оставката Ви е поделена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Со оглед на поднесената оставка констатирам дека на д-р Васил Тупурковски му престанува функцијата член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Република Македонија.

Почитувани пратеници.

Денес Собранието на Република Македонија со полно разбирање ги уважи аргументите и причините поради кои господинот Васил Тупурковски поднесе оставка на функцијата член на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија.

Ја користам оваа прилика да од името на Собранието т.е. сите вас и од мое лично име на господинот Тупурковски му изразиме благодарност и почит за досегашната успешна работа во вршењето на функцијата член на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија.

Познавајќи ги досегашните политички, интелектуални и работни ангажмани на господинот Васил Тупурковски втемелени во вкупните активности на нашето општество за целосно изразуваше на македонската државност и суверенитет, длабоко сме уверени дека тој и понатаму останува спремен тие свои способности и потенцијали да ги стави на располагање на својата Република и нејзините вкупни интереси.

(аплауз)

Преминуваме на избор на членови на Владата и министри и именување на заменици на министри.

Предлозите на претседателот на Владата на Република Македонија Ви се поделени.

Собранието избира министри со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Именувањето на заменици на министри се врши по иста постапка како изборот на министри.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Почитувани пратеници, јас не знам дали на денешнава седница Собранието ќе може да пристапи кон избор на министри и заменици. Поставувајќи ја оваа точка на дневен ред дадоа согласност 60 пратеници. Тоа значи фактички не се дава согласност од моментот да се влегува во дискусија. Тоа покажува на еден момент кој што треба да не загрижува. Речиси последните неколку месеци стално се настојуваше да се дадат предлози за пополнување на министри и заменици на министри, Се тоа одлагаше,  да се донесе Уставот, па амандманите итн. и денеска е веќе средината на месец јануари 1992 година, а ние не сме ја пополниле Владата со нејзиниот втор состав, со замениците, како и три министри кои се упразнети. Ова покажува дека во Собранието постои друго размислуваше кај пратениците во однос на пополнување на Владата. Јас како мандатор не можам да ги пуштам пред вас предложените министри и заменици кога вие 60 пратеници гласавте за тоа оваа точка да влезе во дневниот ред. Иако оваа точка беше поставена пред да се закаже седницата, вие денеска добивте извештај од Комисијата за именување. Комисијата за именување си земала слобода да гласа за министрите и за замениците на министри и создава прејудицирање на предлогот на мандаторот. Такво Уставно право нема оваа Комисија. Според тоа, бидејќи јас извршив консултација со политичките партии на СДС, ВМРО, Реформските сили либерална партија, ПДП е координаторот на пратеничката група, а пред тоа и со секретарот на ПДП, бидејќи не добив официјално никаква забелешка до денес, ова ме изненадува зошто не се сака да се стави на дневен ред со поголем број на гласови проблемот на избор на министри и заменици министри. Оценете дали е воопшто опортуно да влегуваме во дискусија со 60 гласа кои дадоа предлог за дневниот ред.

Тоа е жртвување на кандидатите. Јас имав убедување со партиските претставници, со исклучок ако треба да се извинам на Социјалистичката партија на ВМРО-ДП и ПЦЕР јас не воспоставив контакти да дискутирам. Но, со овие поголемите четири партии тоа го објавив. Луѓето беа мошне стимулативни во дискусијата кога ги изнесував овие предлози. Тие имаа и свои сугестии, разменивме мислења. Јас тоа високо го ценев и мислев дека ќе можеме да одиме на пополнување на составот на Владата. Ова ме загрижува што цела една партија се воздржа од гласање, тоа е ВМРО-ДПМНЕ, другите исто така се воздржаа и гласаа само 60 пратеници. Навистина јас не гледам оправданост луѓето да ги поставуваме на избор, затоа што граничната бројка е шеесет и еден. Навистина јас не знам што да се прави. Јас очекував масовна поддршка на предлогот. Предложив кандидати кои се мошне активни, што ќе се придружат со својата љубов и енергија во Владиниот состав. Имав убедување дека поддршката ќе ја добијат и при ваква ситуација не знам дали да влегуваме во дискусија.

СТОЈАН АНДОВ:

Не ми е јасно како да постапиме, бидејќи претседателот на Владата не кажа точно како мисли да постапи, дали да го одложиме ова и да продолжат консултациите со партиите. Инаку со квалификувано мнозинство е утврдено на дневен ред точно во склад со Деловникот. Треба повеќе од присутните, така е утврдено на дневен ред. За ова може да се расправа и после пауза,'а може да се расправа и на прва наредна седница. Мора за тоа да си каже мандаторот кој е единствено овластен овде да каже како да се постапи. Ако сега тој не е подготвен точно да каже како да постапиме, да дадеме кратка пауза, па да се остварат контакти со него и со пратеничките групи.

(Пауза од 16,15 до 20,20 часот)

(по паузата)

СТОЈАН АНДОВ: Присутни се 102 пратеника. Можеме да работиме.

Минуваме на точка 4

Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за народна одбрана.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

АЦО СПИРОВСКИ:

Почитувани пратеници, дозволете пред да ја разгледуваме точката од дневен ред, да го изнесам ставот на ВМРО-ДПМНЕ по однос точката на дневниот ред: Избор на министри и заменици на министри на Владата.

Веднаш да кажам дека по однос на предлог, точката од дневниот ред ВМРО ќе се произнесе против од причина што како техничка причина овој пат ја земам што предлогот беше доставен како што и сами видовте на самата седница на Парламентот од една страна особено водејќи сметка дека се работи за важни ресорски места, сепак сметавме дека предлогот требаше да биде далеку порано доставен и по истиот да се заземе определен став. Она што се кажа од страна на претседателот на Владата дека биле водени разговори, тоа е точно, меѓутоа дефинитивен став по однос предлогот не бил постигнат во смисла на тоа што била понудена предлог листа, но за која се рекло дека не е дефинитивна, а денеска таа се даде во малку изменета форма како дефинитивна. Меѓутоа, сепак, сметам дека за вакво прашање требаше предлогот да оди посериозно, по навремено да биде доставен , за да можат парламентарните групи да го дадат својот придонес по точката на дневниот ред. Исто така, морам да го кажам и тоа да се има во предвид дека ВМРО-ДПМНЕ со оставката на потпретседателот на претседателот на Република Македонија и оставката на

еден од потпретседателите на Парламентот отиде во опозиција. Тоа да се има како факт во идните договарања, сепак, кога се договараат некои поважни прашања, и ако е важно мислењето на опозицијата, тогаш да се оди на едно поквалитетно, подемократско ниво. СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, уште еден прилог кон ова што сега го изнесе колегата од нашата група, Сакам да објаснам дека мора да одиме кон тој став, истиот што го предложи колегата , со тоа што давам една забелешка на составувачот, на мандаторот на Владата. Можеби вие ќе мислите дека тоа е локалистичко, но за мене е исправно. Во составот на Владата, во претседателството, претседателите, министрите,замениците, помошници, секретари , како Битола да е избришана од географската карта, иако ми се чини дека е втор град по големина и економски и географски и по населеност. Како мандаторот на составот на Владата не најде да земе еден член од Битола да биде не министер, туку некој заменик министер, или секретар. Значи сето тоа се врти околу Штип и ништо повеќе.

Второ, се прашувам ако не постоеше факултетот во Скопје каде ќе најдеше мандаторот состав на Влада ? Каде е стопанството, каде се од просветата? За мене министер за просвета кој не зел дневник во рака, барем пет -шест години да бил професор , или наставник, туку само министри можат да бидат луѓе од факултетот и тоа специјално од факултетот во Скопје. Па и во Битола има факултет, и таму постојат виши школи и таму има виша техничка школа. Од каде сега ние како група, гласајте за предлогот на Владата! Како ние

да сме тука пиони наредени , да го прифатиме тоа и мора така да биде.

И уште една забелешка. Ова не се однесува за Владата. Во иднина кога ќе се закаже седницата во 10 часот, таа треба да почне во 10 часот, па нека доцни еден час, ама вакво задоцнување јас не оправдувам. Јас разбирам ако не е подготвена, можеше да ја одложат. Кој ќе го плати сега овој трошок? По 500 динари дневница, а плус по 1.500 динари за спиење и како ние со ова ќе го растовариме стопанството? Ова треба да се има во предвид отсега натаму да не се случи ваква работа, одлагање цел ден и дремеме како "магариња во угарот".

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

ХАМИД АЛИУ:

Дами и господа, ценето претседателство, имам начелна забелешка на Владата за предлогот за именување на министри и заменици. Забелешката ја аргументирам во следното. Ако дваесет и три пратеници има Албанци во овој Парламент во повеќе партиските избори, процентуално се 19,6, односно 19,2, ако компаративно со министерствата е 3,6, односно би требало да има 4 министри. Досега има само тројца министри Албанци и тоа два се секторски, еден е без сектор. Од заменици предложени се само двајца  и тоа Шабан Превала и Џевџет Гега, а каде се уште двајца, барем да има четири, или пет, а да не зборуваме за помошници, секретари и потсекретари на Владата. Не би сакал да имам коментар понатаму од овој аспект. А уште е подрастично со заменик министерот за образование и физичка култура традиционално бил по националност Албанец. Аргумент повеќе за тоа е дека во Македонија во претшколското, основното и средното

образование се опфатени околу 86 илјади ученици Албанци.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за народна одбрана.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (29)

Дали некој се воздржува од гласање? (20)

Констатирам дека д-р Трајан Гоцевски е избран за член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за народна одбрана.

Минуваме на точката пет.

Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со министерството за внатрешни работи.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (30)

Дали некој се воздржува од гласање (5)

Констатирам дека д-р Љубомир Фрчковски е избран за член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи.

Минуваме на точката шест.

Избор на член на Владата и Министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (30)

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Констатирам дека д-р Димитар Бајалџиев е избран на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Јас благодарам на Парламентот што ги избра новите три министри и верувајте дека тие со своето достоинство , стручност и огромен ентузијазам ќе пристапат кон работа. Чувствувам за потребно да нагласам , би било добро да смогнеме сили и замениците да ги избереме. Верувајте, ние не можеме како Влада да функционираме, тој втор ешалон , замениците во овој момент во кој ние се наоѓаме пред изградувањето на новиот политички, правен и економски систем, не можат товарот да го понесат само министрите. Ние доста дискутиравме сега во паузата . Дајте да смогнеме сили овие луѓе кои што се предложени, верувајте со нивниот ентузијазам ќе може благотворно да се делува во работата на Владата и да не дозволиме непотребно да ги поделуваме гласовите. Мој апел ,би бил да одиме во избор и на замениците. И јас би апелирал, напуштете ја партиската дисциплина, гласајте со својата совест, немојте да робувате, не станува збор за идеолошки догми, туку станува збор за луѓе кои треба да се впрегнат и да работат. Ако гласаме за некои политички програми, политички определби, верувајте тогаш ќе можеме да дадеме пауза, па да дискутираме, да се расправаме. Станува збор за луѓе

кои ќе ги впрегнеме да се саможртвуваат. Сигурно нема многу да ги усреќиме, бидејќи ги чека голема работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на точка седум.

Именување на заменик на министерот за внатрешни работи

Отворам претрес?

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (25)

Дали е некој против? (24)

Дали некој се воздржува од гласање? (25)

Констатирам дека м-р Недан Јовановски не е именуван за заменик министер за внатрешни работи.

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на 8-та точка од дневниот ред - Именување на заменик на министерот за финансии.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Зоран Крстевски

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

При општиот претрес околу предлог листата што мандаторот ни ја понуди нам пратениците на оваа седница свесно не влеговме во дискусија од проста причина што сметавме дека активностите околу усогласувањето и меѓу партиските договори не беа на тоа ниво да гарантираат една поголема веројатност при изгласувањето на листата Така една од дилемите која пратеничката група на Ресорските Сили - либерална партија ја постави при разгледувањето на оваа листа е предлогот господинот Шабан Превала да биде предложен за заменик министер за финансии. Ни не добивме дециден одговор на што се должи ваквата иницијатива во која Шабан Превала како пратеник *ато* уставните одредби пратениците не можат да бидат именувани за министри, па по таа аналогија и заменици иако таа регулатива до крај не е јасна е причината да биде предложен за ова заменичко место, дотолку повеќе што ценејќи ги стручните квалитети на Шабан Превала и позицијата која ја има во Парламентот како претседател на една од најзначајните комисии која по функција условно речено е неспоредлива со ова што се нуди е повисоко место, па кои се тие причини кои сега доведуваат до тоа овој кандидат од составот на пратениците биде предложен.

Тоа го кажувам и од една друга причина што ние, без разлика на сите слабости, што ние како прв повеќепартиски Парламент

не успеавме да постигнеме правилен парламентарен образец во формирањето на Владата всушност сега вградуваме еден принцип кој беше основен односно исклучен од основата за формирање на така наречената експертска влада, а тоа е да непосредно политичките партии и пратениците не бидат предлагани кандидати. Во таа смисла или да ни се даде дополнително објаснување или, жал ми е што господинот Шабан Превала за кој како стручњак, како човек имаме изградено многу високо мислење во нашата пратеничка група, не е тука и навести не знам од кои причини не е, се чувствувам нелагодно, бидејќи немам дополнителна информација што би значела прв контакт со него дали ја прифатил функцијата итн.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор Никола Кљусев, претседател на Владата.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Очигледно дека со замениците изгледа ќе биде поголем проблем. Консултациите со партиските организации не останаа на својот збор првиот пример тоа го покажа па според тоа јас ја повлекувам листата на сите заменици.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи на една од наредните седници по дополнителните консултации ќе се предложат заменици.

Има збор Јордан Бошков.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Господнине Кљусев штом ја повлекувате листата јас имам една мала сугестија предложете барем за заменици претставнички на женскиот пол. Доволно беше друштвото само мажи, мажи, треба да видиме и некој друг.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос на повлекувањето на листата овластеност си повлекува предлагачот тоа сакале или не мора да го прифатиме.

Зедов збор за Зоран Крстевски кој дава неправилно мислење дека пратеник не може да биде избран, секое место на секој му е достапно, меѓутоа, доколку биде избран конечно, тогаш пратеничката функција му престанува оти не е јасно не ограничува сите нас сите присутни до наредните избори.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Прво, јас не сум во заблуда не споиви се тие две функции според Уставот, а второ во однос на ова ако мојата дискусија предизвика реакција кај претседателот на Владата мислам дека не е во ред од тука да се почне. Јас отворив едно принципиелно прашање кое се наметна во Парламентарната група и ние ако добиеме одговор кој според нашето размислување како треба ада се одвива кадровската постапка околу сите овие именувања нормално ќе го дадеме својот глас. Меѓутоа, ви велам се внесува еден критериум кој едноставно н е ни е доволно расветлен. Ве молам сепак да се има еден однос јавноста подразбира до крај да ги расветлуваме работите. Точката беше поставена на дневен ред, ние имавме одредена консултација на иницијатива на мандаторот и мислам дека нема потреба од емотивни реагирања.

СТОЈАН АНДОВ:

Без оглед на мотивите предлагачот - мандаторот има право во секој момент предлогот да го повлече, тоа го стори претседателот на Владата и со тоа по тие точки нема основа за расправа затоа што тој ги повлече.

Сега се враќаме на втората точка од дневниот ред - Информација за политичко безбедносната состојба на Република Македонија по донесување на одлуката за одржување на референдум за политичка и територијална автономија на Албанците во Македонија.

Информацијата ви е доставена, а и извештаите на Комисијата за општествено политички систем, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за меѓунационални односи и Предлог - заклучоците сега ви се поделени.

Воведно излагање по Информацијата ќе поднесе претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Кљусев.

Бидејќи Информацијата е од строго доверлив карактер,Собранието согласно со член 70 став 2 може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Пред да одлучи Собранието дали ќе работи без присуство на јавноста, го молам претседателот на Владата да се произнесе дали во Информацијата и во неговото воведно излагање има податоци од таков карактер поради кој е потребно Собранието да работи без присуство на јавноста.

Дали да го поставувам тоа прашање на изјаснување на Собранието?

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Ние за многу поважни работи јавно дискутираме, јас мислам дека треба да ја запознаеме јавноста не само на Парламентот, туку и јавноста на Македонија. Седницата може да биде јавна.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Никола Кљусев, претседател на Владата.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Владата на Македонија, бидејќи не беше информирана за некои активности на албанското население и партиите ПДП и НДП, а доби информации преку Печатот дека се планира некаков попис на населението и некаков референдум за политичка и територијална автономија во Македонија на албанското население, со дискусијата која ја имавме со претседателот на Републиката, на Парламентот и Владата дојдовме до сознание дека би требало да се влезе во дискусија со политичките партии ПДП и НДП и со претставниците на така нареченото собрание кое распишало референдум. Во таа смисла ние одржавме состанок на Владата, дадовме прво соопштување и Владата го задолжи потесниот кабинет да разговара со претставниците на партиите. На состанокот дојде претседателот на ПДП господинот Халили и секретарот на НДП. Од потесиниот кабинет на Владата беа потпретседателот д-р Беќир Жута потпретседателот инж. Јован Андонов, секретарот на Владата, Министерот за информации, а потпретседателот Блаже Ристески беше отсутен, присуствуваше на еден друг состанок.

Во опширната дискусија која ја имавме се дојде до сознание дека недоволно се дефинирани ниту мотивите, ниту целите за оваа активност, а уште помалку се напуштил основниот ред на легалност во работењето формирајќи некое диво собрание кое може да распишува референдум,да бара територијална и политичка автономија.

Ние поставивме неколку основни прашања за која територија станува збор. Тие не можеа доволно да ја дефинираат таа територија, а за која цел и кој се мотивите да дојде до тоа меѓу мотивите се изнесе дека не се остварени некои проблеми во образованието, дека

во процедурата на донесувањето на Уставот низа амандмани кои се дадени од нив не се прифатени, дека постои едно потиснување на албанското население, па во таа смисла нема основа да се бара независност на македонската држава пред Европската заедница.

Ние укажавме дека сите тие акции се неуставни, против законити, укажавме дека албанското население има свои легитимни избрани претставници во овој Парламент, ова Собрание, кои се тие претставници кои го чинат тоа ново Собрание и на кој начин се избрани тоа не можеа да го документираат ни одговорија дека тоа се од секој град по еден - двајца некои од одборниците некои од другите структури и укажаа дека пуштиле стотици писма од Обединетите нации до Европската заедница, до сите меѓународни комисии, држави, амбасадори во Белград итн. Тоа е направено вон од легалните институции на системот на македонската држава, вон од уставните начела.

Укажавме како Влада дека таквите постапки и акции ќе создадат реакции кај останатото население и може да се искористи од други партии да влезат во екстремни акции и дали може еден ден да ја видиме мирна Македонија за која се определивме и во која радосно верувавме дека во овој дом пред неколку дена се прифати и Декларацијата да се даде претставка до Хашката конференција за независност на Македонија во која сите пратеници на овој Парламент ја донесоа вклучувајќи и пратениците од албанското население. Тоа беше еден специфичен дух на солидарност на еден клучен проблем да ја претставиме Македонија пред министрите на Европа да се бориме да дојдеме до своја независност.

НИКОЛА КЉУСЕВ: (Продолжение)

Меѓутоа, во истото тоа време се одржува некое Собрание во кое партиципирале и некои наши пратеници.

Понатаму, на второто собрание, одржано на 30-ти, извршено е конституирање на тоа диво собрание со претседатели, потпретседатели. Моторната сила на сите активности зад кои стои пред се, претставуваат политичките партии ПДП и НДП. Ние им укажавме каде господинот Халили и другите оделе и каде ги претставувале сите ~тие активности во земјата и надвор од земјата. Укажавме дека во овие партии значајно влијание имаат некои политички личности од Косово кои вршат екстремна пресија врз албанското население и неговото раководство на партии.

Конечно укажавме кој ќе ја понесе историската одговорност ако дојде до некои провокации и да се повторат сите оние немили собитија од разни диви краини кои оставија поразителна слика на југословенскиот простор со илјадници жртви, огромни материјални рушења со длабоки лузни во душите на луѓето. Таа одговорност македонскиот народ не сака да ја прифати. Им укажавме ако вие како албанско население влегувате во таква историска одговорност, тогаш цената е превисока, затоа што тоа не може да биде само негативен одраз врз нив самите, туку тоа нужно ќе се прошири и на територијата на Македонија. Тогаш сликата на нашето мирно живеење бе биде поинаква. Тогаш поразителните реперкусии од таквите акции можете самите да ги оцените каде ќе не доведат.

Апелиравме во таа прва фаза на разум на политичко достоинство, да се преиспитаат тие и тие акции. Јас лично добив

убедување, кога заврши целата таа дискусија кога од Кабинетот излегоа претставниците на партиите без да дадат било каков одговор дека тие ќе се преиспитаат и ќе се повлечат. Се договоривме за ден два да се јават. Но, тие не се јавија. Тогаш ние формиравме работна група и ги повикавме претседателите и некои од членовите на тоа собрание. Дојдоа четворица.

Во дискусијата тогаш и од самите нив се констатира дека не ја информирале Владата на Македонија за тоа собрание, дека печатите што ги оставале на нивните полици и писма се диви и нерегистрирани во нужните органи кои тоа го извршуваат, дека целата активност ќе признаат дека е нелегална. Јасно, се виде дека станува збор да се врши една политичка пресија врз тоа население и тие луѓе, се создава страв се под фамозната борба за настојување дека недоволно е заштитено албанското население и недоволно е претставено, а од тука треба само да си донесе историска одлука.

Сето тоа укажува во каква авантура непотребна влегле партиите ПДП и НДП и каде го водат албанското население.-Укажавме дека совеста на албанскиот народ која се повеќе доаѓа до израз преку реакциите на сопствената нивна интелигенција и на нивниот форум на интелектуалци и на знатниот број пратеници и со кого имавме прилика да зборуваме тука и членовите на Владата од албанската народност кои искажаа отворена критика на таквите активности. Ние им обрнавме внимание дека таа совест кај албанското население постои. Почитувајте го тој глас и немојте да дозволите една група екстремни претставници во партиите да го туркаат албанското население во амбис на неизвесност, а утре и крв Сето тоа го направивме до денешниот ден.

Денес Владата имаше седница и ви испрати материјал во вид на информација за политичко - безбедносната состојба во Република Македонија по донесувањето на одлуката за одржување на референдум за политичка и територијална автономија на Албанците во Македонија.

Вие од материјалот можевте подробно да се информирате. Наше е да ви ги преставиме заклучоците и едно видување, а на име станува збор дека Владата укажува на неопходноста во разрешувањето на сите општествени конфликти да се користат демократските институции на системот и едино тоа и ништо друго не може да биде валидно, Само Парламентот на Република Македонија е демократски избран законодавен орган чиј одлуки имаат правно дејство, се друго е нелегално, диво и не може да биде предмет на прифаќање или оценка и анализа, ниту од овој Парламент, а уште помалку дека може да биде валиден документ и пред меѓународната јавност која такви диви процеси не ги признава.

Едностраните акти со кои малцинството не води сметка за мислењето на мнозинството и обратно, водат во судир и насилство. Блиската историја која уште трае на просторот на Југославија тоа недвосмислено го потврдува.

Како и за се друго демократската политика бара компромис до кои се доаѓа низ трпелив дијалог. Ние го нудиме и како Влада. Јас верувам Парламентот има таква трајна определена политика и тоа е единствениот начин да се смогнат сили во дијалог да се разрешуваат отворените проблеми затоа што со исконска љубов и внимание укажавме дека не се и не може да се решат сите проблеми кои постојат. Ние сме свесни дека постојат низа отворени проблеми.

но затоа е Парламентот, затоа е дијалогот, затоа се сите структури во кои ќе може да се изградува една нова визија на сожителство.

При тоа, неупотребата на сила е начело за кое Владата се определи и му останува доследна во овој случај. Тоа недвосмислено го рековме. Не не туркајте како Влада да одиме со репресивни мерки наше е да укажеме на разорните последици од вашите акции.

Бидејќи како Влада се определуваме да не се претставуваме со пресија а сакаме да ја почитуваме одлуката на Парламентот да:: бидеме до крај врз принципот на дијалог и отворена дискусија за проблемите кои постојат, па секоја екстремност нужно ќе не води, сакале или не да се преземаат мерки, а ние тоа велиме еве не сакаме да ги употребуваме. Не затоа што сме слаби како држава, не затоа што не знаеме да ги употребите, но затоа што сме се определиле како Република, како држава, како трајна политика за мирно разрешување на сите проблеми како дома кај нас така и пред решавањето на југословенската криза. Ние истрајавме толку месеци пред судовите неизвесности и војна во Југославија да ги мирно решаваме проблемите и не би сакале дома да создаваме слика на пресија затоа што сме доволно јаки да можеме со аргументи во дијалог да ги разрешуваме отворените проблеми кои искрснуваат. Затоа и ги повикуваме граѓаните на Македонија, без оглед на националната и верска припадност да останат во одбраната на демократијата што претставува наша легитимација за идна обединета Европа за слободни граѓани и народи.

Имајќи го предвид сето тоа Владата на Република Македонија ги утврди следните заклучоци:

1. Владата оценува дека одржувањето на "референдумот" и "пописот" и досегашните активности во врска со тоа се во спротивност со Уставот на Република Македонија, законите и Декларацијата

за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.

2. Владата на Република Македонија со цел да го обезбеди мирот, заштитата на граѓаните и спречувањето на меѓународните судири ќе ги преземе сите мерки што спаѓаат во нејзината надлежност.

3. Владата на Република Македонија смета дека Собранието на Република Македонија  треба да ја разгледа политичко -безбедносната состојба во Републиката настаната со одлуката и активностите за одржување на референдумот за територијална и политичка автономија на Албанците во Македонија, за која цел и вечерва зборуваме.

Владата предлага за непојавувањето на албанското население за време на пописот во март оваа година да предложи на Парламентот да прифати измена на законот за пописот и да овозможи државно организиран попис на албанското население со покана и на претставници на меѓународни организации. Тоа е чин на објективност и државна обврска, за да се докаже и пред домашната и пред странската јавност реалноста на податоците затоа што во изјавите нас претставниците на политичките партии, особено ПДП и НДП укажуваат за некој процент за 40 и повеќе посто на албанско население во Македонија. Сето тоа да биде реално претставено ние ќе си преземеме обврска како Влада да го извршиме и со увид на претставници на меѓународните институции.

Јас не би сакал повеќе да го задржувам вашето внимание. Би сакал д се поведе дискусија за да се оцени состојбата и можните реперкусии од овие акции, нелегитимни пред кои се исправени или свесни се турка албанското население во Македонија и ве молам да ги прифатите заклучоците.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Во името на некој привиден мир и покрај 41 жртва од Македонија и некакво си сожителство како што вели претседателот на Републиката господин Киро Глигоров многупати се правени отстапки иако неаргументирани на штета на македонскиот народ а во полза на албанското "малцинство- но, без учество во овие сомнителни преговори и договори на партијата на која и припаѓам ВМРО-ДПМНЕ.

По бојкот на пописот, референдумот за независна и суверена Македонија и не гласањето за новиот Устав за Македонија се подготвува уште една стапица и диверзија на младата македонска демократија и држава со нелегалниот референдум на албанското малцинство на Македонија, затоа што според сите изјави на албанските челници, албанското малцинство е обесправено во Македонија што е многу провидно кога ќе се види Уставот на Република Македонија какви права им се гарантираат за разлика од правата на нашите Македонци во Албанија. Но, што значи референдумот на Албанците во Македонија.

Без разлика што челниците на албанските партии велат дека не е вперен против Македонија и дека наводно не е по ничија надворешна директива, всушност за тоа доволно говори изјавата на Невзат Халили, лидер на ПДП. Цитатот гласи: "за сега никој не помислува на отцепување, а за иднина не можам да коментирам". Значи крајната цел е формирање на таканаречена Голема Албанија што на секого му е многу јасно, но се прашувам зошто досега не се

разгледувани меѓунационалните односи во Републичкиот парламент и дали за оваа денешна и непожелна ситуација некој треба да сноси одговорност, што за мене не е дискутабилно затоа што точка за расправа по ова прашање на Парламентот требаше одамна да се постави, нормално вината треба да ја сноси Владата на Република Македонија затоа што ова прашање повеќе пати е иницирано од парламентарната група од ВМРО, но секогаш било одбивано. Сега би се запрашал за какво сожителство треба да се залагаме кога желба треба да се има од двете страни. Но,очигледно дека желбата е еднострано. Желба постои само кај македонскиот народ.

Нели требаше да се има предвид до ваква ситуација многу лесно може да се дојде според сите показатели од повеќепартискиот парламент затоа што господата од ПДП и НДП ја свират својата и само својата мелодија што би требало да биде идна шпица  за обновените акорди на Република Косово. Но, би ги запрашал претставниците на албанското малцинство во македонското собрание дали се свесни за последиците што им ги нудат на Албанците во Македонија, затоа што сум сигурен дека постојат Албанци кои се лојални на македонската држава и кои не се согласуваат овие постапки на коалицијата на ПДП и НДП, но се приморани да учествуваат во оваа валкана игра без своја желба и волја. Но, тврдам дека ни еден Македонец нема со скрстени раце да гледа уште еднаш поделбата на Македонија, Пред овој 100% аргумент не би требало:^ Албанците да замижат, туку зрело да замижат за сите можни последици зошто сите душа носиме што е многу мудра изрека изречена на овие Балкански простори. Но, би ги потсетил Албанците во Македонија дека  со референдумот одат во прилог на србославија и во прегратките на Голема Србија, без разлика им е ветено нешто

од Република Србија или не, нека се сигурно дека ќе бидат изиграни како многу пати до сега во нивната историја од истите и нека се запрашаат што ќе значи србославија за нивниот интегритет кога ќе се земе предвид антагонизмот кој постои меѓу Србите и Албанците. Во контекст на сето горе изложено морам да се осврнам на сите можни импликации од референдумот од Албанците за меѓународно непризнавање на Македонија, за кое некој мора треба да ги сноси сите последици и пред својот македонски народ, па и пред историјата на која можеби ние ќе бидеме сведоци. Но, се надевам дека некои грешки направени од врвните раководители на Република Македонија нема да бидат фатални за македонската држава и нејзиното меѓународно признавање. Затоа апелирам Албанците во Македонија еднаш за секогаш да сфатат дека ова е македонска земја и им припаѓа на Македонците, а на албанското малцинство никој не им го одзема правото да живеат и да бидат лојални граѓани на Република Македонија. Следствено сите малцински права и повеќе од тоа се загарантирани со новиот Устав на  Република Македонија. Во спротивно нека размислуваат за својата татковина Албанија која многу често ја споменуваат како демократска земја но со никакви права за малцинствата кои таму живеат.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани граѓанки и граѓани, демократијата не е анархија, туку почитување на Уставот и законите. Без такво почитување не може да се рече дека постои правна држава. Овде од оваа говорница многу пати слушаме дека кај господата пратеници од коалицијата ПДП - НДП се залагаат за почитување и функционирање на правната држава. Јас овде морам да кажам дека од пратениците Албанци има врвни познавачи на правната регулатива и на меѓународното право па затоа не малку сум изненаден како врхушките на двете албански партии настапуваат со такви екстремни потези и барања што се непримерни за плуралистичко, демократско собитие на многу, на ниту една западнодемократска држава, а за чии демократии почесто пати се залагаа. Со демократските уставни решенија и законската регулатива граѓаните имаат права, но не треба да се заборави дека од правото произлегуваат и обврските. А секое не почитување на законите од поединци или групи повлекува санкции. Санкциите се синоним за опстанок на секоја држава, штитејќи ја на тој начин својата безбедност и интегритет. Јас овде изјавувам дека не постои ниту една држава од западниот слободен свет, а за чиј тип на демократија се определи и македонската суверена држава, која би дозволила еден ваков не легален, нелегитимен референдум.

Големоалбанските шовинисти кои се стремат кон создавање на голема Албанија, ваквите свои апсурдни настојувања директно подгреваат меѓунационални судири и дури преку своите соопштенија се закануваат, поаѓајќи од позицијата на сила за остварување на своите мрачни цели,

Се прашува дали го прашаат сиромашниот работник или земјоделец Албанец кој во своите тешки времиња го делел и доброто и

злото со Македонецот, Турчинот, Ромот итн. И на кој честа преокупација му е како и на кој начин  да ги исхрани, облечи и затопли свои домашни.  Се прашувам дали ги прашаа фрагматичните албански интелектуалци, бизнисмени итн. Реалноста, фрагматизмот на овие балкански простори е повеќе од кога било потребно. Шовинизмот на големите раѓа само одбрана, позитивен национализам и гордост кај малите народи. Иако Албанците се по многу броен народ на Балканот од Македонците, сепак, не се толку големи за поедини шовинисти да му го одземаат и да го негираат правото на Македонецот да создаде држава на овие балкански простори.

Кога во предвечерието на признавањето на суверена и самостојна Македонска држава од страна на меѓународната заедница некои со вакви нелегални пописи и референдуми сака да го оневозможи тоа признавање, а со таквиот чин му оди  на рака на еден друг големодржавен шовинизам, не можам  а да не кажам дека тој не ми е ниту пријател,ниту сожител.

Пописот и референдумот што се трудат повеќе од три месеци да го спроведат најекстремните од партиите ПДП - НДП како попис на целото не македонско население, во тој попис ги вовлекуваат и исламизираните Македонци со паролата за верска нација, а се во интерес на создавање на големо -албанска држава. За жал, исламизираните Македонци, тоа треба отворено да се каже, за овие 45 или 46 години беа отфрлени од страна на монистичката власт и беа третирани на несоодветен и ненаучен начин.  Да ги земе^ за пример Албанците или пак арапите. Од кои потекнува муслиманската религија, без разлика на која вероисповед и припаѓаат дали е тоа католичка, православна или муслиманска, тие се по националност Албанци односно арапи. Вакви примери има многу. Често пати недоволно упатените Македонци, а кои претставуваа некаква си власт со погрди

изрази ги омаловажуваа овие Македонци со исламска вероисповед. И на тој начин го туркаа во прегратките на големо - албанските асимилатори. На ова прашање треба сегашнава Влада и ова Собрание да обрне поголемо внимание. Македонците со муслиманска вероисповед се неотуѓив и составен дел од македонскиот народ. Припадноста кон еден народ се дефинира со употреба на секојдневниот јазик кој се учи од родителите, обичаите, културните навики итн. Религијата како неотуѓиво право на секој човек не ја определува припадноста кон некој народ. Јас верувам дека ова го имаат предвид исламизираните Македонци и нема да наседнат на големоалбанските провокации.

Мене ме радува што чувството за припадност кон македонската нација на над 150 илјади исламизирани Македонци во Албанија и по толку години на асимилација и репресија не избледело. Но, не можам да се помирам со фактот дека албанската Влада, која патем ги потпиша конвенциите на КЕВС, го забрани политичкото дејствување на овие Македонци. Честото манипулирање на екстремните Албанци, со почитување на западната демократија е само фрлање прав во очи на неделно информираното албанско население. Јас верувам дека многу граѓани се сеќаваат на примерот од Велика Британија кога еден верски поглавар ги повика своите верници на непочитување на Законите на државата, на кој и каков начин реагираше Владата на Велика Британија и пратениците во британскиот парламент, сите знаеме.

Новиот устав на Република Македонија гарантира поголеми права на националните и етничките групи од она што е пропишано со меѓународните конвенции. Би се заложил Владата на Република Македонија со посредство на меѓународните институции да спроведе попис од кои би се видело колку Албанци живеат во Македонија, колку

се доселиле од Космет како еднаш за секогаш би се симнало од дневен ред актуелната манипулација на албанските големо - државни шовинисти пред меѓународната јавност за енормни бројки на албанското население во Република Македонија. Албанските партии во предизборието им ветуваа на нивните гласачи дека ќе добијат меѓународно признат статус на народ во Македонија. Добивањето статус на народ по меѓународното право повлекува и право на самоопределување до отцепување, но Албанците во Македонија се националност со новиот устав или со меѓународното право национално малцинство со потполно исти човекови права како и сите други граѓани. Затоа , господа албански екстремисти, никакви важи закани и уцени нема да го поколебаат Македонецот и сите негови добронамерни сожители за создавање на независна, суверена македонска држава.

ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници, по конституирањето на нелегитимното Собрание во Република Македонија од страна на партиите ПДП и НДП , донесувањето на противуставните одлуки за попис на албанското национално малцинство и спроведување на референдум за територијална и политичка автономија, кои одлуки за попис и референдум се донесени од нелегитимни претставници, Собранието и одлуките се упререни против уставот на Република Македонија. Но, за жал претседателот на таквото Собрание е во редовите на пратениците на овие две партии на овој парламент. Многу пати пратениците од ПДП и НДП од оваа говорница изјавуваат дека Македонија е и нивна држава и дека се за заеднички живеење со македонскиот народ и другите малцинства во сожителство и мир. Но, дали е така? Причините за оваа новонастаната состојба се отпорано и од почетокот на овој Парламент. Пред две години старата власт најави изборна година

се формираа и регистрираа политички партии, следеа предизборни промоции на програмите на политичките партии во Република Македонија. Од ниедна не прочитавме ниту слушнавме дека по една година после тоа не кој ќе заговара конфедерализација, во една години после тоа некој ќе заговара делење или поточно одземање на поголем дел од територијата на Македонската држава, т.е. Западна Македонија и нејзиното изретчено население и пошироко, па дури и во картите и Прилеп е во тој дел. Истите тие партии, власта, старата власт ги регистрираше под услов не знам каков, под услов програмите на тие партии да не се во спротивност со Уставот на Република Македонија, кој за жал уште не е оживотворен, а овие две партии ПДП -НДП го кршат неговото значење. Сето ова се назираше уште кога овој Парламент ја носеше декларацијата з а независност. Пописот на населението и неговиот бојкот од страна на истите овие партии ПДП - НДП. бојкотирањето на референдумот и донесувањето на новиот Устав на Република Македонија. Ни во овој Устав, мислам на новиот Устав нема член или одредба со која се дозволува територијално и политичко отцепување на еднонационално малцинство од Република Македонија што го нема во ниеден устав ни во Европа ни во светот.

Од програмите на политичките партии се пропагираше дека некои политички партии се за Југославија, некои за модерна федерација некои за конфедерации ја. Една за самостојна македонска држава и независна, а некои и не знаеја што сакаат, па сега измислуваат начин да се прилагодат на ново настанатата состојба со помош ка нивните медиумски средства, како печатот, радиото и телевизијата Пред една година се конституира првиот повеќепартиски парламент. Со меѓупартиски и политички игри се изгласа претседател на Собранието, претседател на Републиката. По неколку месеци, што е апсурд,

се назначи и експертска Влада составена од подобни експертски министри, а неподобните на овој или оној начин се отстранети и се отстрануваат. Со привидна и илузорна работа на институциите на Власта на Република Македонија политичко- безбедносната состојба и меѓунационалните односи брзо се влошуваат. И тоа во време кога Република Македонија е пред чекор пред признавањето на својата независност. Дали причините на ваквата состојба да се бараат во сегашните институции на власта,а на друго место и не треба да ги бараме. Се прашувам зошто. Одговорот за мене би бил, смисленото суспендирање на Парламентот како највисоко законодавно тело на оваа држава, иако по Уставот Република Македонија е држава на парламентарен систем, начинот на формирање на Владата и манипулациите околу тоа на неколку пати по барање на пратениците да се закаже седница со дневен ред за меѓунационалните односи и политичко безбедносната ситуација, тоа некој го спречуваше. Концентрирањето на власта во рацете на двете личности и омаловажување на Парламентот и на тие партии што го кажуваа навреме ова сега што се случува. Создавање на тајна коалиција и барање на лев блок сок цел за надгласување на најмногубројната партија ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент чии програмски цели на оваа партија се во целост исполнети. Свикување на седници во последниот момент, т.е. 5 до 12 исто како и оваа седница. Што би решиле ние сега преку ноќ, кога цел ден овде се малтретираме како некои затвореници, па сега преку ноќ ќе решиме дали некој референдум ќе прави или попис. А за мене тоа може би е и свршена работа, утре може само некој свечени податоци да објават тие што го заговараат тоа. Не преземање на никакви законски мерки од страна на Владата. Иако ива се знаеше и насетуваше од многу порано, но заради некои интереси на левиот блок и потиснување на друга партија која што ги укажуваше сите

овие моменти на време, некој тоа не сакаше да го слушне. Ќе се послужам со едно мислење на еден стар филозоф, кога некој укажува на некаква важна работа, спротивната страна, како овде левиот блок, во првата фаза се спротивставува и вели дека тоа не е можно. Заедно со помош на средствата за информирање.

Во втората фаза спротивната страна вели "А, тука има нешто". Во третата фаза вели "и ние мислиме така". НО, тогаш е доцна, како и сега мислам што е доцна. Сето ова значи дека со својата работа и обврски институциите на власта затаиле. Се прашувам што треба уште повеќе да се направи и со уште какви против уставни акти, па власта во Република Македонија да преземе законски мерки против овие груби и тешки противдржавни дејства и да се избегнат вакви мачни ситуации, како што е сега во западна Македонија. Не знам дали тие луѓе ќе спијат вечерва и овие денови и уште неколку дена понатаму.

Исто така, забавувањето на донесувањето на законските акти од кои би се произлегло и тоа дека Република Македонија зачекорува во својата независност и сувереност, за сите овие проблеми од конституирањето на овој парламент од страна на ВМРО ДПМНЕ и други пратеници беше сугерирано барано, предлагано, закажувано седници со ист дневен ред како денес, но за сето тоа тие што манипулираат со овој парламент не сакаат да слушнат или немаат храброст да се соочат со решавање на вакви многу витални проблеми. Може би и се немаше време од презафатеност, заради отворање на изложби, на промоции, свечености, дочеци, исто како оваа година да се користеше како предизборна кампања или градење култови на личности. Резултатот на сето ова е денешната политичка состојба, ја гледаме каква е. Правата цел на партиите од ПДП и НДП со неуставните

одлуки од нивното нелегитимно Собрание по мое сфаќање е следната, атак врз самостојноста, независноста, и демократските процеси во Република Македонија од што јасно се гледа антимакедонската дејност. Со овој референдум и попис на населението од албанското национално малцинство се бара начин и се сака да се иницира меѓу национален судир со кое и спречување на признавањето на Македонија како суверена држава, а тоа го посакува некој кој не е принаклонет кој не е наклонет ни кон вас пријателски, ни кон нас. Ова се однесува за господата од ПДП и НДП. Создавање на вештачка слика за немаше на демократија и човечки права. Создавање на етнички чиста територија во Западна Македонија, што би донело до гетоизација и геноцид врз македонскиот народ од кое се назира и почеток на политика на апархеите. Главната цел на ПДП и НДП тоа е заокружување на голема Албанија по формулата од белградската кујна, а тоа е Албанија е дотаму до каде што има албанско малцинство и до каде што сакаат овие партии. Бидејќи во нивните географски карти, пак повторувам, дури и Прилеп треба да е во нивната многу голема Албанија. Создавање немир и страв кај мирољубивиот македонски народ од  Западна Македонија од каде што се врши и продолжува да се истребува тој ист народ од своите вековни огништа. најлесно е да се иницира меѓунационален судир. Но, се друго ке се изгуби господа, што е остварено досега. Со^истата цел беше и несогласувањето на партиите од ПДП и НДП при донесувањето на Декларацијата за независност на Македонија, при донесувањето на одлуката за референдум при пописот на населението и при донесувањето на македонскиот Устав. Но, за жал сето ова  врвните институции на власта гледаат цело време низ прсти и дозволија да бидат уценувани и изигрувани од овие две партии. Најлошото е во целите овие партии  е тоа што се сака на територијата на Македонија да се

створи втора Хрватска и да се стори нов јужен фронт. Но, дали ПДП и НДП пратениците на овие две партии на своите избирачи им ги објаснија последиците што би произлегле од нарушувањето на меѓунационалните односи и од меѓунационалните судири исто како што е и во Хрватска. Дали не се многу убиени 40 деца војници, за мене се деца, бидејќи имаат по 18 години просек, кои се најповеќе Македонци и Албанци. Не сакате овој пример ни да го видите ни да го слушнете, а ги знаеме првите закопи на првите две деца. И колку Албанци и колку Македонци, како реагираше и албанската мајка и македонската мајка. Народот го заборавивме а тоа го посакуваат тие што сакаат да дојдат како спасители и бранители, бидејќи сето ова е спремано во белградската кујна. Оваа нивна провокација што се спроведува преку овие две партии, за жал, од сите нас е доста долго планирана. Тоа не ми е чудно, бидејќи има и такви кои со свеќи би ги пречекале таквите спасители. Сигурен сум дека албанското население во Македонија нема да ја прифати оваа валкана игра на која наседнаа нивните водачи, кои при заострување на сегашната ситуација први ќе набават авионски карти и албанскиот народ и нас овде ќе не остават сами. Македонија е многу пати поробувана, делена, териториизирана, и нема таков народ што толку истрпил, но ќе истрпи и сега. Два дела од Република Македонија сега се поробени, но третиот дел 'не го даваме. Ни една педа земја македонска нема никој повеќе да му ја одземе на македонскиот народ токму сега кога дојде време да се исполни илјада годишната војна да се здобие овој народ со независна и суверена држава и тоа за неколку денови. Мислам дека за албанското

национално малцинство најприфатливо е сожителството во оваа држава со македонскиот народ и другите национални малцинства и етнички групи и мир и спокојство.

Како заклучок предлагам властите на Република Македонија да покренат постапка за преиспитуваше на работата на овие партии ПДП и НДП и други, кои со својата работа вршат атак и кршење на Уставот на Република Македонија.

Исто така, го поддржувам предлогот на Владата да се изврши попис на албанското национално малцинство повторно со посредство на меѓународни посматрачи.

ДУШКО ГОРГЕСКИ:

Почитувани пратеници,

Помина една година од конституирањето на првото повеќепартиско собрание на Република Македонија. Период мошне краток да се согледаат резултатите од промените што се направија во севкупните текови на животот, а мошне долг за агонијата и неизвесноста за утрешнината што се преживува на целиот простор, а особено во западниот дел од Република Македонија. Залудни беа напорите, толеранцијата, попустливоста, отворениот широк простор за демократски дијалог и решавање на сите горливи прашања во институциите на системот на легален начин. Но исто така залудни беа и укажувањата од познавачите на приликите од западниот дел на Републиката за сите активности што се преземаа од страна на екстремните снаги од албанската националност во период скоро две години, а за сето тоа ниту Извршниот совет на еднопартиското собрание, ниту сегашната Влада на Република Македонија немаа слух нити разбирање, но напротив отидоа во друга крајност и се поставија во подредена улога на веќе присутната паралелна власт. За сето тоа, се доволни само неколкуте аргументи, а тоа е односот од предизборните,за време на изборите, пописот, референдумот, анархијата, беззаконието и низа други слабости кои што се присутни на овој терен.

За сето ова време се настојуваше да се убеди македонскиот народ да е залуден стравот за иднината и сожителството да сите притисоци, беззаконија, меѓунационална нетрпеливост што намерно и со прецизно испланирана стратегија која води кон без перспективност за живеење на овие простори е само преодна фаза и дека ќе надвладее разумот, а демократијата и дијалогот ќе ја

заменат меѓунационалната омраза и ќе се застане на патот на стратегијата на сепаратизмот. Македонскиот народ кој живее на овие простори и во овие мигови како и во низа историски мигови досега ја покажа својата максимална толерантност и миројубивост пружајќи ја раката за соживот и со ништо не придонесе за таков развој на состојбите, а голема е неправдата за неразбирањето на проблемите со кои се соочува од страна на најодговорните субјекти во Македонија. Ако некому во Република Македонија во овој период не му беше јасно или бар за мене од необјасниви причини и за какви цели не сакаше да сфати и разбере за што всушност станува збор, што е во позадината на сите досегашни активности на ПДП и НДП предизвикани од мошне познати, можеби некому и денес непознати екстремни лица, како денес така и во минатото, на стратегијата на сепаратизмот, сега веќе почитувани присутни е последен миг да се сфати оти се работи на стратегијата за создавање на Голема Албанија а сето тоа што овде во ова Собрание, а и на просторот се одвиваше под маска на некакви права е само маска и фасада за да се постигне крајната цел.

Морам да кажам да политиката што во овој период се водеше во Република Македонија резултираше со одржување на релативен мир и со сите нормативни акти што се донесоа се создаваше база за демократско општество со што се трасираше пат кон посреќна иднина, но истовремено за мене неприфатливо искажаното слепило и толеранцијата кон оние кои на некој начин и со сите средства се бореа и се борат и денеска истото да го разрушат, да создадат анархија и ка тој начин ја остварат својата зацртана цел. За мене тоа не може да биде одраз на демократија и пат кон создавање на правна држава.

Јас мислам оти сега веќе на секого му е јасно зашто не се конституираат собранијата во Тетово и Гостивар. За мене но и за поголемиот дел на македонскиот народ распишаниот нелегален референдум од страна на илегалното собрание во Западниот дел на Република Македонија не е изненадување. Јас лично тоа го очекував, само не можев да кажам во кој период ќе се одвива. Јас и денес од оваа говорница тврдам дека тоа не е цел на сета албанска националност, но молчењето на голем дел е резултат на пресијата што се врши врз него на неговата незаштитеност од државните органи на делувањето на паралелната власт, на посматрачката улога на системот и на недопустливите отстапки кои одеа во прилог на екстремните предводници на албанските партии.

Наместо ова собрание и во претходниот период најодговорно и најотворено да расправа за меѓунационалните односи докрај разобличувајќи ги сите чесни барања и подемократски пат разрешувајќи ги истите, а сите нечесни и не поштени намери да се решаваат во рамките на правната држава, а по готово Владата без некои подлабоки согледувања, а често вон регуларната постапка донесуваше решение на парче по парче што предизвика уште поголемо недоразбирање, а ги охрабри и зголемија апетитите на екстремното крило на овие партии да го зголемуваат притисокот врз легалните органи за остварување на барањата кои одеа или одат во правец на остварувањето на целите.

Тука, во овој парламент од пратениците на ПДП и НДП за време на работењето не беа маслинови гранки, се произнесуваа за соживот а после се ова што се случува во Западниот дел од Македонија отворено може да се каже дека тоа беше или е чисто лицемерие. Со низа конкретни активности јавно и пред очите на власта

и државата ПДП и НДП презедоа противуставни, противзаконски дејствија кои одеа во правец на влошување на меѓунационалните односи создавање хаос и анархија, но за жал правната држава не делуваше а сето тоа недопустливо пасивно го посматраше.

Нелегалниот референдум и илегалниот попис водат во пад со тешки последици и кон состојбите во Хрватска, и намерно или злонамерно се спроведуваат во времето кога се задржуваат активностите или се во завршна фаза активностите за признавање на Република Македонија.  Познато е оти илегално се пренесе оружје, се вршеа и други подготовки кои водат кон катастрофа на сите што живеат на овие простори. Познато е да политиката на ПДП и НДП не се креира на просторот на Република Македонија, но последиците од таа политика ќе ја сносат недолжните жители на  овие простори.

На крајот да кажам и тоа дека Информацијата за политичко-безбедносната состојба за мене можеби може да се прифати, но мислам дека таа не дава целосен приказ на состојбите кои се на овие простори и сметам дека истата треба во најскоро време да биде надополнета. Со овие активности во секој случај во колку не се навистина истите средат во реални рамки и разумни рамки, во рамки на демократски дијалог, во рамки на легалните органи на системот каде што треба да се решаваат ќе предизвикаат сигурно само организирање на македонскиот народ и мислам дека  сигурно за тие последици ќе бидеме одговорни како парламент, а мислам оти последиците сигурно ќе паднат како и досега што паднаа во Југославија најмногу врз недужниот народ, врз нашите поколенија и можеби ќе ја запечатат иднината на сите генерации кои што живеат на овие простори.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас сметав дека претседателот на Собранието ако ништо друго ќе не повика мене и г-динот Вецко Личковски заради тоа што и двајцата бевме предлагачи на оваа точка на дневен ред на претходната седница за што имав и подготвено и писмено уводно излагање за да ја образложам итноста на воведувањето на предлогот во дневниот ред и кое што ќе го прочитам сега, меѓутоа таков повик од претседателот не слушнавме.

Исто така во писмена форма доставив барање, претседателот на Собранието да усвои барања, претседателот на Република Македонија врз основа на член 85, став 2 од Уставот на Република Македонија да поднесе во писмена форма мислење пред Собранието за ова доста важно прашање од сферата на меѓунационалните односи во Република.

Исто така, морам на почеток да ја изразам мојата вчудоневиденост заради тоа што Советот за безбедност на Република Македонија согласно член 86, став 3 од Уставот на Република Македонија не се состанал досега за да ја разгледа безбедносната состојба или пак се состанал, а ние немаме информација за да како овластен орган му предложи на Владата и Собранието соодветни мерки за заштита на уставниот поредок.

Минатата година на 8 јануари при конституирањето на овој парламент кажав дека решението на југословенската криза лежи во решавањето на меѓунационалните односи. Ние еве веќе цела година тоа прашање воопшто не го поставивме на дневен ред. Епилогот е очигледен и на просторот на некогашната Југославија и на просторот на Република Македонија.

Конечно маскенбалот заврши, маските паднаа,а учесниците јасно и јавно го покажаа своето право лице. Нормално, цехот ќе го платиме сите. И учесниците, и сите оние кои тоа го гледаа на своите мали екрани од 8 јануари до ден денешен. Жалосно е само што оние најодговорните, заради својата кратковидност, не правеа разлика, не ја препознаа реалноста од мимикријата и не ги презедоа мерките за заштита на уставноста и законитоста и почитување на со Уставот утврдениот правен ред и поредок, во Република Македонија.

Меѓутоа, како што секоја игра има свој почеток и крај, така и во оваа перфидна игра дојде денот кога мора да се разоткријат картите и разобличат целите и задачите, но и актерите, кои ги влечеа конците јавно на отворен екран, но и на оние во позадина, и како сива еминенција.

Впрочем, не еднаш. Безброј пати. Во интерес на мирот, заедничкото живеење, добрососедството, ненарушувањето на меѓунационални односи, и надвор, но и овде, во овој. Парламент, проголтавме многу невистини, произволности и искривување на реалните факти. Но, кога сето тоа достигна одредена граница кога се затвара дишникот, мора да се проговори. Зашто, некој, изгледа, толерантноста ја смета за слабост и страв, а разумот и прибраноста како дозвола за анархија.

И во право е легалниот пратеник во овој Парламент/ Неим Селмани,инаку за мене нелегален и т.н. претседател на нелегалната и т.н. Централна комисија за спроведување на референдумот .за политичко -територијална автономија на албанците во Западна Македонија, наш колега кој седи заедно со нас во овие пратенички клупи, во својата изјава, дека тоа не значи дека дојде "пропаст на светот". И, навистина, светот, повеќе од сигурно е, дека со овој референдум успеал или не сигурно дека нема да пропадне. Но, верувам дека правдата и правната држава, ќе бидат задоволени, ако сите актери на овие противзаконски и противуставни активности си побараат адвокати и своите човечки и граѓански права и слободи ги бранат од зад решетки и во судница.

А, тој ист свет, било која држава во светот, не познаваат амнестија и рехабилитација или ослободување, заради националната припадност на сторителите на кривични дела утврдени со позитивните законски прописи, забранети и казниви со Уставот и закон.

Секому мора да му биде јасно, за што сакал и како сакал тој нека се декларирал, дека изразувањето на националната припадност е лично и индивидуално уставно загарантирано право на секој поединец,

човек и граѓанин, меѓутоа граѓаните се еднакви во правата и обврските пред законите и Уставот, и дека секој за повреда на истите мора да сноси законски санкционирана одговорност. Понајмалку, некој може да ја обвинува државата и нејзините органи или мнозинската нација дека бил осуден само заради тоа што бил припадник на националноста која во таа иста држава е во малцинство.

Секому е загарантирано и правото на слобода на мислата, за мене лично како пример уверувањето и јавно изразената мисла, заради што не е кривично дело на пример ако некој каже дека сака да живее во голема и чиста Албанија, голема и чиста Македонија, голема и чиста Србија, на Марс, Јупитер или Венера. Но, затоа е кривично дело ако презема активности за менување на утврдениот уставен поредок во државата во која живее и за тоа мора да одговара.

Огромна е одговорноста на овој Парламент, на сите нас како пратеници, за вкупната политичко—безбедносна состојба во Република Македонија, во конкретниов случај во врска со најавениот илегален и нелегитимен попис на албанското население и референдум за политичко—територијална,автономија на Албанците во Македонија од т.н. илегално Собрание за организирање на референдумот со седиште во Гостивар, пред се бидејќи Републиката е пред меѓународно признавање и се предизвикува референдум и попис илегални во услови кога на некогашниот југословенски простор се води крвава меѓунационална војна, чии ефекти сите ги уочуваме/кога војната може да се насади и на овие простори. За да биде иронијата поголема, членови на ова илегално Собрание се одборници и пратеници кои седат во институциите на власта на оваа држава, Македонија, а поддршка, и успешно гласање дадоа раководствата на политичките партии ПДП и НДП, кои за жал не се вонпарламентарна опозиција туку имаат свои претставници во овој Парламент.

Одговорноста на овој Парламент е уште поголема, бидејќи најавениот попис и референдум на албанското население претставуваат кршење на уставниот поредок на Република Македонија,сето тоа води кон поттикнување и разгорување на националната омраза и нетрпеливост, го нарушува територијалниот интегритет на Републиката и се организира од нелегални субјекти на противзаконски и противуставен начин.

Уште поодговорни се оние, кои во овој Парламент долго очекуваната расправа за меѓунационалните односи ја пролонгираа цела година до бесвест, а прашањето го одлагаа од една за наредна, друга седница . Затоа и ова што настана, не треба да не изненадува, туку е логична последица на едно политичко дејствување, кое доби легалитет и во институциите на власта, за да може и јавно да се манифестира,без никакви последици по сите оние кои со националната припадност ги прикриваа и одбегнуваа одговорноста за политичкиот терор и

репресија, воспоставување паралелен систем на власт, воспоставување на паралелен воспитно-образовен систем со диви и противзаконски училишта во основното и средното образование, одбегнување на плаќањето на давачките према државата за сметка на префрлувањето на тие средства во касата и сметките на политичките партии, мафијаштвото, насилството и заканите, разните узурпации, противзаконското и противуставното работење и делување, злоупотребата на религијата во политички цели итн. како што тоа беа и го правеа раководствата на политичките партии ПДП и НДП.

Сепак, заради јавноста, мора да се нагласи следното: ПДП и НДП не може да се сметаа за претставници на сите Албанци и целокупната албанска популација во Македонија, ниту пак може тоа да бидат гетоизирајќи ги Албанците и воспоставувајќи монопол над целата албанска популација во Македонија. Ако пак се напаѓаат раководствата на ПДП и НДП заради противзаконски и противуставни активности на одделни нивни членови. Тоа не значи дека се напаѓаат Албанците во целина, иако членовите на овие раководства земајќи си го правото да зборуваат од името на сите албанци, може пред Светот и пред Албанците во Македонија да велат колку што сакаат дека ете по силата на нешта некој против нив презема одредени казнени санкции, бидејќи се Албанци а не заради тоа што направиле противзаконски и противуставни работи.

А, еве како мало потсетување што ПДП во својата изборна програма, каде на ниту едно место со ниту еден збор не се споменува зборот албанец,бидејќи тоа мора да го знаат сите граѓани па и албанците, прокламира — цитирам:

- Парламентарната демократија овозможува политичко здружување на граѓаните на политичка конкуренција"

- Слободниот човек во сите погледи може да ги активира неговите креативни способности"

— "Парламентарната демократија овозможува политичка конкуренција и слободни избори"

- "Партијата за демократски просперитет се ангажира за еднодомен Парламент како највисок орган на власта во Републиката" каков орган е моментално сега ова Собрание што е формирано

- еднаков однос кон сите"

- "Граѓанинот е основен субјект на системот"

- "Ние сме демократска партија и имаме еднаков однос кон сите членови, кон сите граѓани и народи. Зачленувањето во нашата партија е слободно"

- "правната држава е гарант на човековите права" Дали преземените илегални активности се дел од таа правна држава цитирана во програмски определби на ПДП

— "Сите граѓани се еднакви пред законот"

- "Се залагаме за нов Устав, кој ќе биде донесен од повеќепартискиот Парламент"

-"Тргнувајќи од Манифестот на Крушевската Република и Одлуките на АСНОМ, Македонија ја сметаме како заедничка држава на сите"

— "Стабилно општество и безконфликтни состојби е во интерес на сите. Го подржуваме секој чекор и секоја акција која нуди и го афирмира заедништвото во Македонија, врз принципите на рамноправност и сме против етикетирањата и против силите кои го попречуваат развитокот на меѓунационалните односи и ги заоструваат внатрешните недоразбирања, вклучувајќи ги и меѓунационалните" Зарем ова што раководствата на ПДП и НДП е одраз и слика на она што го запишале во своите програмски определби.

- "Сме против политизирање на школската младина"

Со конкретните активности на ПДП и НДП практично е изиграна нивната регистрација, бидејќи се е во спротивност со програмските определби на тие исти политички партии, чии што програми сами си ги донеле, од чии што целини цитирав одделни цитати.

Би укажал и на уште неколку нелогичности:

На. 25.о1 минатата година овој Парламент, во истиот состав, едногласно, заедно и со пратениците од ПДП и НДП, донесе Декларација за суверености на Република Македонија,

На 19.12.1991 година овој Парламент повторно едногласно и повторно заедно со пратениците од ПДП и НДП едногласно донесе Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава, за да веднаш на 21.12.1991 година управните одбори на ПДП и НДП издадат заедничко соопштение во кое се вели дека овие партии пред внатрешната и меѓународната јавност излегуваат со единствен став дека Македонија се уште не ги исполнува условите за нејзино меѓународно признавање, бидејќи Албанците не се рамноправен народ со Македонците и дека 6араат на албанскиот народ да му се гарантира одржување на референдум за изразување на нивната политичка волја за специјален статус

За време на одржувањето на пописот на населението и одржувањето на референдумот за самостојност на 8.09.91 што повторно едногласно го распиша Парламентот со учество и на пратениците од ПДП и НДП, овие партии го повикаа албанското население на бојкот.

И ние, како пратеници, не еднаш од одделни пратеници на ПДП и НДП, во овој Парламент, слушнавме дека Албанците во Република Македонија ги почнавме со 8оо.ооо, па 1,ооо.ооо, па 1.2оо.ооо, и тоа за само неколку месеци, што може со увид да се провери во стенограмите од седниците на Парламентот. Парламентарната група на ПДП и НДП во Меморандумот до Мировната Конференција за Југославија во Хаг од 24.1о.1991 година, чијашто содржина во Хаг ја презентираше Претседателот на ПДП Невзат Халили , нагласува "дека Албанците во Македонија сочинуваат над една третина од вкупното население на Македонија", за да тој ист Невзат Халили во интервјуто за албанската телевизија објавен на о4.о1.1992 година каже дека околу 4о% па дури и 5о% од населението во Македонија се Албанци.

На о5о1.1992 година во Тетово е одржана III-та Конференција на ПДП. На истата, и Претседателот и Секретарот на ПДП одговарајќи на барањата на одделни делегати да се расправа и за референдумот за политичко-територијална автономија на Албанците во Западна Македонија најавен за 11 и 12.01.1992 година, изјавуваат дека Конференцијата не е надлежна да расправа за референдумот бидејќи одлуката ја има донесено орган што нема врска со партијата ПДП, за да на крајот сепак се прифати заклучокот на крајот на Конференцијата делегатите информативно да се запознаат со подготовките на референдумот.

Дека Партијата ПДП нема врска со ова илегално Собрание за организирање на референдумот доволно зборува фактот што Претседател на истото е Претседателот на ПДП во Гостивар Ѓулијас Фејзулаху,а Претседател на илегалната Централна комисија за спроведување на референдумот пратеникот на таа иста партија во Републичкиот Парламент колегата Неим Селмани. За да сепак, на крајот од третата Конференција на ПДП во Тетово со аплауз се посака успешно гласање, кон чија поддршка се приклучува и партијата НДП.

Претседателот на ПДП Невзат Халили во интервјуто за албанската телевизија на о4.о1.1992 година вели дека во услови на угнетување во текот на сите повоени години па се до денес, неминовно било организирањето и на самите Албанци што живеат на нивните простори кои а ги опфаќа вештачката творба Југославија заради што направиле свој центар во Косово каде што се координирани нивните активности, за да по третата конференција на ПДП на о5.о1.1992 година даде нова изјава дека референдумот не е по ничија надворешна порачка или мешање на туѓи држави, додавајќи дека за сега не се помислува на отцепување, но за во иднина не може да коментира. (каква дрскост и безобразлук)

Координаторот на пратеничката група ПДП-НДП од оваа иста говорница не така одамна се извинувам што морам да го цитирам не убедуваше дека тие никогаш не биле и не барале некаква автономија за албанците во Македонија, итн.

Коментар на сето погоре изнесено не е потребен.

Демистификацијата е неминовна и сама по себе се наметнува, бидејќи демагогијата конечно не вроди саканите плодови.

Според сите меѓународни стандарди , малцинствата, меѓу кои етнички, религиски, јазички, културни и други, должни се да ги почитуваат правата на другите и посебно на оние што му припаѓаат на мнозинството.

Државата е должна да се воздржува од политика која ќе се стреми кон асимилација на малцинствата или од намерно менување на пропорциите во популацијата во регионите што се населени со припадниците на малцинства. Меѓутоа,и малцинствата се должни во иста мерка да не ги менуваат пропорциите во популацијата во регионите и подрачјата кадешто живеат. Дали е таков случајот и со албанците и кај нас вреди да се одговори а материјал има за неколку томна бела книга.

Припадниците на малцинствата должни се лојално да ги извршуваат должностите кои во Уставот и законите се утврдени како должности на сите граѓани без разлика на националната и друга припадност и определба, меѓутоа должна е да ги преземе и сите нужни мерки за да ги заштити од било каква дискриминација по било кој основ граѓаните во оние региони и подрачја каде припадниците на малцинствата претставуваат мнозинство.

Најголема опасност за демократијата е кога цели национални колективитети односно припадниците на еден национален колективитет се ставаат под тоталитаристичките стеги на една политичка партија која манипулира со интересите на сите, што е во директна спротивност со парламентарната демократија, граѓанското општество и слободата на личноста. Таму тогаш слобода на личноста и демократија нема. Има само послушност и политички терор и репресија за интересите на елитата, која националните чувства и

националната припадност добро ја изманипулирува за да го задржи лидерското место и апсолутизмот. Уште полошо ако цели национални колективитети се настојува да се стават под капата на една политичка партија,како што е случајот со партиите ПДП и НДП, кои од партии од граѓански тип,кои во својата програма никаде не го споменуваат зборот албанец, се претворија во партии само на албанците. На партиските лидери демократијата и не им треба. Албанците, во сопствената држава Албанија преживеа еден таков страшен, најстрашен систем во Европа, кој кога го отвори своите граници и падна,ги покажа своите вистински вредности: беда, сиромаштија, стагнација, непотизам,хипокризија на личноста заради режимскиот тоталитаризам,глад.

Албанците сами ќе бидат виновни ако дозволат некакви лажни квази-политички цели и вредности заради спасот на некаков монолитизам, некаќви политички елити и само нивни чисти политички албански партии да ги стават под тоталитарни стеги, а Македонската држава односно Република Македонија ќе биде уште повиновна ако на албанците како граѓани не им обезбеди заштита од политичкиот терор и репресија, закани и насилства што ги вршат одделни членови на раководствата на нивните политички партии. Никаква автономија, никаков специјален статус, никаква сецесија за интересите на некаква Голема Албанија нема да ги доведе албанците во поповолна положба или барем слична како во оваа во која се наоѓаат за да конечно Албанците кои сега живеат во три словенски држави да се обединат во една на Балканот. Четки и лажни обвиненија за некаква загрозеност и дискриминација само ги замаглуваат рабоите и се прав во очи, но со краток здив. Автономијата на албанците во Македонија носи права, но само за оние албанци кои од таа автономија ќе си создадат сопствен пашалук, зачеток на некоја си нова Исламска Република на Балканот,бидејќи автономијата е гетоизација за самите албанци. Затоа нека, партиите ПДП и НДП нека не се играат со националните чувства на албанците во Македонија, бидејќи самите албанци ќе ги почувствуваат консеквенциите од арачот на сопствените национални водачи и лидери. Албанците и во своја национална држава Албанија се доведоа до национална трагедија. Затоа нека партиите ПДП и НДП мислат секогаш на раководството, енверхоџиниот тоталитаристички систем од Албанија, кој го отфрлија и самите албанци барајќи декомратија, леб и знаење, нека не го префрлаат кај албанците во Македонија во некаква си автономија, зашто ќе ги стави тоа во уште полоша состојба.

Срамна се експлоатацијата на енверхоцината парола купувајте земја, правете деца, Југославија е наша, односно сега Македонија, зашто и земјата кадешто Енвер Хоџа беше лидер му суди на овој диктатор за злоделата коишто ги има направено врз сопствениот народ - албанскиот народ.

И се поставува прашање во што е обесправеноста на албанците во Македонија. Нееднаквоста во остварувањето на правата или мајоризацијата? Случајно релацијата да не треба да се постави во спротивна насока?

Или, поконкретно нека ПДП и НДП ги споредат правата на албанците во Албанија, со сиот материјален статус, што го носат албанските државјани со правата на Албанците во Македонија за да види дали се во право и каде се тука тие, а нека ги споредат од друга страна и правата на македонците во Албанија со правата на албанците во Македонија за да имаат реални показатели и споредливи големини и не прават грешки во оценките и проценките на состојбите и корпусот на остварувањето на човековите граѓански слободи и права. Пред се заради тоа што, во ништо не се поголеми правата на македонците од оние на албанците во самата Македонија.

Појава која што заплашува, е што во услови кога Македонија не обрнуваше внимание на верските малцинства, туку само на верскиот идентитет на националностите, сепаратистичките сили на албанскиот шовинизам успеаа исламот во Македонија, да го албанизираат и преку него верското малцинство Македонци со исламска вероисповест полека да го албанизира и да му всадува албанска национална припадност.

На ваков начин, македонците со исламска вероисповест за кои и самите македонци со христијанска вероисповест се виновни што ги отфрлија со погрдното значење на зборот "торбеши" им се додадоа на послужавник на албанските шовинисти кои повторно, негирајќи ги во друга смисла, ги прифаќаат за да го зголемат бројот на албанците во Македонија со која бројка ќе може да мавтаат пред меѓународната заедница.

Македонците со православна вероисповест затоа, им должат огромно историско и цивилизациско извинување на македонците со исламска вероисповест, за таа неправда што некој некогаш намерно или ненамерно да ја направил и сакал да создал непремостлив јаз помеѓу православните и исламизираните македонци.

Албанците за себе не викаат дека се албанци-муслимани,како што ги има и албанци со католичка и православна вероисповест, но на македонците им прилепуваат етикета дека се македонци муслимани како што странската за демократска акција заговара постоење на некаков муслимански народ и во Република Македонија.

Политизацијата на исламот и користењето на религијата во политички цели стана метод на работа на ПДП и НДП и тоа треба максимално да се спречи и отстрани со мерките на државата и органите на власта.

Точно е дека собранијата во Тетово и Гостивар не се конституираа на време. Но, дали некој од партиите ПДП и НДП досега се запрашал зошто?

Зошто македонците се загрижени од освојувањето на власта во Гостивар и Тетово? Зарем дефилирањето по победата на изборите на ПДП и НДП во Тетово со бели коњи не се доволна асоцијација за балистичките злодела на овие простори,за да се нема доверба во оние кои го враќаат тркалото на историјата и минатото од времето на италијанската окупација?!!

зарем мал е бројот на бесправните узурпации, дивиградби, одбегнувањето плаќање давачки на државата, илегалното масовно доселување на илјадници од Косово во Македонија?

Затоа, на таквиот отпор на македонците за конституирањето на собранијата во општините Тетово и Гостивар кадешто монополот го имаат претставници на партиите ПДП и НДП во практиката продуцираат анархија и безвластие е сосема оправдан и нормално присутен.

Надвор од Република Македонија во т.н. ЈНА односно српската армија во која има околу 14.61о војници кои гинат против својата волја на хрватско-српските боишта. Дали раководствата на ПДП и НДП ги прашале мајките албанки колку е болно кога се погребуваат синовите што од овие боишта им ги враќаат во мртовечки сандаци, за да ги на сите страни втурнат албанците во таква авантура што ќе значи смрт и многу гробови и на овие простори, или сакаат српската армија да им става ред како на Косово?!

Имајќи го во предвид сето погоре кажано, ги предлагам следните заклучоци:

- Собранието да упати апел до граѓаните на Република Македонија посебно припадниците на албанската националност да не го прифатат спроведувањето на илегалниот референдум за некаква си политичко-територијална автономија на албанците во Западна Македонија и да не се одзват на поканите од раководствата на политичките партии ПДП И 'НДП, пр. Собранието на Република Македонија да усвои заклучок дека организираниот попис на албанското население и референдум за политичко-територијална автономија на албанците во Западна Македонија се противзаконски и противуставни, организирани од илегални субјекти илегални и нелегитимни и резултатите од истите се нештавни, не може да преизвикаат правно дејство и не се валидни.

Се задолжува Владата во соработка со МАНУ и надлежните институти да издадат бела книга за автохтоноста на албанците во Македонија, населувањето и раселувањето на албанците во Македонија, промените во етничкиот состав на населението, топонимите и географските имиња, етногенезата на македонците со исламска вероисповест во Македонија гораните во Србија и во Албанија, и воопшто за македонците во сите соседни држави.

— Владата да ги преземе сите мерки за спречување на употребата на религијата особено исламот во политички цели,

- Јавниот обвинител да преземе мерки и покрене обвиненија против сторители на кривични дела со противзаконските дејствија за попис на албанското население и референдум за политичко- територијална автономија на албанците во Западна Македонија, врз основа на што на сите одборници и пратеници кои евентуално биле учесници во овие работи да им се одземе имунитетот и се дозволи поведување кривична постапка против нив.

— Политичките партии ПДП и НДП надлежниот ресорен министер односно Министерство за внатрешни работи да ги избрише од регистерот на политичките партии и го забрани нивното делување на територијата на Република Македонија, а

истото да се постапи и со Странката за демократска акција, Која има седиште надвор од територијата на Републиката.



- на пратениците од политичките партии ПДП и НДП доколку бидат бришани од регистерот им предлагам својата активност да ја продолжат до наредните избори како независни пратеници односно одборници.

- Собранијата во Тетово и Гостивар да се конституираат врз основа на заедничка согласност на сите политички партии кои имаат свои одборници во истите, а дотогаш да продолжат со работа привремените извршни одбори именувани од Владата на Република Македонија

- Владата на Република Македонија за настанатата состојба да ги информира надлежните меѓународни институции за човечки и граѓански слободи и права во врска со настанатата состојба во Македонија.

- Се задолжува Владата на Република Македонија на Собранието да му поднесе целосна информација за вкупните состојби во меѓунационалните односи со посебен осврт во Западна Македонија во рок од месец дена.

- Се задолжува Советот за безбедност да ја разгледа настанатата политичко- безбедносна состојба во Републиката во врска со пописот на албанското население и референдумот за политичко- територијална автономија на Албанците во Македонија и за тоа да му поднесе конкретни предлози на Собранието континуирано.

- Се задолжуваат Владата и Советот за безбедност да ги пратат вкупните состојби во меѓунационалните односи, да ги превземат соодветните мерки и за тоа го известуваат и му предлагаат соодветни акти на Собранието.

На крајот ке го додадам и следното.

Со референдум или без референдум албанците ќе останат државјани на Република Македонија, оние нормално кои се . Пријателите ќе останат пријатели и понатаму, иако заблудите ќе се согледаат подоцна, а нека некој пратеници од ПДП НДП за кои знам дека мора да постапат онака како што им диригира некој од надвор, дури и надвор од Македонија дека знаат и јас мора да го кажам ова по своја своест и уверување без навреди према било кого и на било кој начин. Впрочем пријателите се избираат, но комшиите се од господ дадени. Дијалогот не е прекинат, од игра се исфрлаат само екстремистите. Никој ништо ама баш ништо против албанците не верувам и било кој друг човек како и јас немаат, можеби сум и поголем борец за заштита на нивните човекови и граѓански права, многу повеќе од постоечките раководства на ПДП-НДП,

туку сум против законското и против уставното делување на раководството на овие партии

Благодарам на вниманието и одземеното време.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Како што ви е познато, а и на јавноста ВМРО-ДП по повод најавениот референдум не упати соопштение,затоа што партијата го има како изнуден приоритет перманентно, би рекол овој предизвик да се занимаваме со едно прашање што е така длабоко уперено против македонските интереси , дејствувањето на албанскиот национализам и сепаратизам јас не излегов да ги напаѓам ниту пратениците од ПДП и НДП, ниту сите оние невидливи кои што стојат во близина на тие партии, туку повеќе излегов да понудам еден друг приод, да ја согледаме ние, македонските пратеници, политичките партии својата одговорност во овие процеси. Затоа веднаш на почетокот чисто по-лемично сакам да констатирам дека остава доста простор за размислува! фактот што најжестоки протести беа упатени од политичките партии застапени во Парламентот, мислам на македонските партии кои инаку остварија успешна соработка со ПДП и НДП за време на конституирањото на македонските институции. Останува впечатокот дека во Парламентот се пропуштија активности токму од овие партии за заштита на интересите на кои се повикуваат во соопштенијата до македонската јавност.

Политичко безбедносната состојба во општините од западниот дел на Македонија како што е познато е сложена и драматично неповолна со тенденции на понатамошно влошување. Со ескалацијата на дејствувањето на партиите ПДП и НДП од позиција на албанскиот национализам и сепаратизам загрозени се виталните интереси на македонскиот народ. Најавениот попис, референдум е кулминација на непријателското дејствување на албанските националисти и сепаратисти и е дирекно вперен против територијалниот интегритет на Македонија. Овој противуставен акт не е изненадување, иако постојат тенденции да се прикаже во таква светлина. Референдумот беше

најавуван и за тоа македонската јавност знаеше уште во времето непосредно пред втората седница на македонскиот Парламент. На јавноста и е познато дека токму ВМРО-ДП укажа на таквата можност на што од страна на пратениците од ПДП и НДП следеше реплика дека тие на седниците доаѓаат со маслинови гранчиња и дека предупредувањата од ВМРО-ДП се злобни инсинуации, но сепак пратеникот Мерсин Положани дозволи таква можност. Затоа денес во Парламентот во интерес на вистината мораме да си го поставиме прашањето зошто Македонија не реагираше на прав начин? Дали е можно само поради една политика која очигледно е градена на лоша проценка да бидат блокирани сите одбранбени механизми на Македонската држава, или пак толку посакуваните демократски процеси ги сфативме како потполно национално отпуштање и со небудност спрема националните интереси дозволивме дејствување на албанските националисти и сепаратисти, практично да се легализира прикриено преку политичките и културните активности. Одговорноста сепак е најголема на оние кои не дозволија прашањето за меѓународните односи да се постави скоро една година на дневен ред во Македонскиот парламент. Не помала одговорност носат и македонските политички партии, а особено оние кои учествуваат во власта и кои пропуштија да се договорат за минимум политичка согласност, меѓу другото и за нивото на правата кои треба да ги уживаат малцинствата во Република Македонија. Секако останува отворено и прашањето за улогата на македонската интелегенција во севкупните политички процеси во Републиката. Не можеме да веруваме дека ова е се што може Македонија да го понуди во кадри и национална програма. Лошо би било кога повторно би се воспоставиле испробаните методи на контрола и одржување на власта пред се со негативна селекција. Што се однесува до македонскиот Парламент клучно прашање

околу одговорноста на оваа институција, па и поединечната на секој од пратениците е да се доведе таа во активна улога при креирањето на политиката. Како пратеници најчесто не ги знаеме сите елементи кои логично би требало да ги имаме во предвид при донесувањето на одлуките во доменот на политиката на Република Македонија, туку практично на седниците ги оценуваме последиците, односно даваме покритие на веќе преземени потези. Во врска со ова е и прашањето, дали Македонскиот парламент ги презеде сите активности во својата надлежност, затоа што нереагирањето, или пак закаснетото реагирање на симптомите кои најавуваат криза во односите меѓу мнозинскиот народ и малцинствата кои што живеат во една држава по правило предизвикуваат состојби кои што потоа тешко се поправаат. Проблемите од овој вид не се проблеми кои се изолирани само во мал број држави. Оттука и се подразбира дека Република Македонија нема причина да се чувствува оптоварена со повеќе одговорност за ова прашање кога со овој проблем се соочени толку голем број држави во светот, а кои истовремено важат како земји со најголеми демократски достигања. Фактот што Република Македонија се наоѓа на почетокот на својата независна и суверена позиција во однос на досегашната сојузна структура која и во доменот на меѓунационалните односи водеше сметка пред се за Југословенските глобални интереси ја доведоа македонската држава во ситуација на прво искуство на сопствено одредуваше спрема правата на малцинствата кои живеат во Републиката, заради што сосема логично произлезе потребата да се потпреме на искуствата на другите. Тоа само по себе гарантира дека нашиот пристап одговара на најсовременото гледање и стандарди во врска со правата на малцинствата. Сите тие како дел од неоправдано пошироки отстапки за кои еден ден

некој ќе мора да даде одговор зошто беа направени, или пак за тоа ќе суди историјата, беа вградени во новиот Устав. И како одговорија на тоа албанците во Македонија? Тие не излегоа на попис не излегоа на референдум, не гласаа за Уставот, иако во процесот на неговото изготвување активно учествуваа што најдобро покажува за нивниот двострук морал и едно огромно лицемерие кое повеќе не не изненадува. Изнудија максимално отстапки, а не возвратија со ништо. Дури на ваков начин сериозно го доведуваат во прашање опстојувањето на политиката која што претседателот на Република Македонија ја градеше спрема ова прашање. Тие со својата граѓанска нелојалност ги ставија македонците кои што живеат во западниот дел на Македонија во позиција на граѓани од втор ред, со што поради економски причини, но и поради политички мотив кој поаѓа од големо-албанската стратегија. Македонија е преплавена со невиден механички прилив. Можеби и тука се и причините за граѓанската нелојалност, нивниот страв да излезе на виделина, бројот на бесправно населени албанци од Косово и од Албанија, како и за состојбите во врска со незаконско стекнати материјални добра. Евидентно е колку и да не сакаме тоа да го признаеме дека од страна на албанците се води вистинска војна на начин и со средства кои разорно делуваат по македонскиот суверенитет. Тие го освојуваат животниот простор на македонците, при тоа максимално користејќи ги пројавените слабости пред се кај оние кои водат македонска политика и се најповикани да ги штитат македонските национални интереси. Дека бараат повеќе од колку што е разумно доказ е тоа дека нивните делегации не ги прима сериозно ниту една европска институција. Но, за жал мора да се признае дека тие имаат свои лобисти меѓу македонските политичари, во Владата, во некои сретства за јавно информирање и кај некои политички партии. Во однос на влијанието на најавениот референдум врз меѓународната позиција на Македонија, сметам дека

Европа не може да прифати нешто што толку многу во основа е против стратешките интереси на земјите од Заедницата, имено да отпочнат процеси малцинствата да бараат свои територии и да се прогласуваат за народи. Затоа Европа бранејќи ја својата стабилност и принципиелно мора да биде на страна на македонските национални интереси. Заради тоа не треба постојано да се прашуваме и плашиме да ги превземеме како правна држава оние мерки кои се неопходни. Едноставно ако некој има забелешка, ние можеме дополнително да ги објасниме превземените дејствија доколку на тоа навистина сме обврзани спрема меѓународните конвенции.

Што се однесува до обврската на македонската Влада во однос на ова прашање, таа произлегува од нејзината изјава за нелегитимноста и нелојалноста на најавениот попис-референдум што само по себе подразбира преземање од нејзина страна на сите дејствија спрема Уставот и Законот. Охрабрува што официјален претставник на Владата, сепак, иако со големо задоцнување сосема отворено пред се за последиците по албанското население пред јавноста ја обелодени цврстата определба на македонската Влада да го заштити територијалниот интегритет на Република Македонија.

На крајот сакам да предложам, доколку се прифати во Парламентот како додаток на заклучоците да се усвојат и заклучоци и тоа:1) да се преиспитаат мандатите од страна на Верификационата комисија поради основано сомнение дека во македонскиот Парламент седат во пратеничките клупи луѓе кои што не престанале да се занимаваат со субверзивна активност против интересите на Македонската држава, 2) да се усвои Заклучок со што ќе се задолжи Министерството за правосудство, односно надлежната служба да ги преиспита сите факти во врска со постоењето на политичките партии ПДП и НДП.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Овде интегритетот на пратениците е нарушен до крај.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, да се внимава кога се зборува какви изрази се употребуваат. Да не се нанесуваат лични навреди. Тоа е интервенцијата на господинот Зибери.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Барам од претседателот на Собранието кој е овластен деловнички да го зачува дигнитетот на ова Собрание и на пратениците овде. Реков, а ќе повторам четврти е по ред пратеник овде Владимир Голубовски кој овде ни дели лекции за моралот на пратениците албанци. Моралот е субјективно прашање, а Собранието на Република Македонија не е меродавен орган да ги проценува таквите квалитети на пратениците. За темата која е поставена на дневен ред ќе зборуваме ноќе и дење и ќе ги разјасниме сите спорни прашања. Ќе разјасниме дали е демократија да се забранува нешто, или да се дозволува. Меѓутоа, барам до крај да бидеме коректни и да го почитуваме достоинството едни на други.

СТОЈАН АНДОВ:

Ќе мораме да водиме сметка кога зборуваме кои изрази ги употребуваме.

ЕФТИМ МАНЕВ :

Почитувани пратеници, од поголемиот број на излагања на пратениците во голем дел моите размислувања по предложената Информација од страна на Владата е одземана и кажана. Сепак, јас ќе се задржам сосема накратко и тоа сакам да кажам дека предложената Информација ја поддржувам како еден конститутивен акт со кој се констатира каква е состојбата во Македонија денеска, а која е настаната нешто пред пола месец по однос на распишување на референдум од страна на партиите ПДП и НДП за политичка и територијална автономија на албанците во Македонија.

Сметам дека тоа што е наведено во Информацијата и тоа што се кажа од пратениците, ние во голем дел го слушнавме и од јавните информации досега како и од телевизијата и од печатот. Иако кажав дека ја поддржувам Информацијата како таква, сепак имам некои забелешки и тоа по однос на деловите, како и на денешното излагање на претседателот на Владата каде што во целост одиме на еден молбен начин да се обраќаме спрема оние граѓани кои што покренале еден акт за расцепување на Македонија, односно за доведување во една тешка состојба на граѓаните во Македонија кога во овој миг Македонија со сите сили се бори да формира држава, да биде признаена во светот и кога тоа веќе е на прагот дојде овој чин. Го поддржувам таквото размислување во делот каде што и тоа посебно ме радува каде што истакна претседателот на Владата, исто така во тој дел зборуваше и потпретседателот на Владата Блаже Ристевски на "отворен ектран" пред телевизијата дека целокупното албанско население не го поддржува овој акт. Исто така, денеска слушнав од претседателот на Владата дека спрема голем дел албанци, оние чесни граѓани се врши пресија тие да постапуваат така, односно да излезат на референдумот и да гласаат за создавање на автономија во Македонија. Кога тоа нешто го имаме во предвид, сметам дека предложените заклучоци сосема не одговараат на таа реалност. Еден од заклучоците зборува да Собранието ја прифати оваа Информација. Сметаме дека и треба да ја прифатиме.

Во вториот заклучок предложен од Владата се зборува дека Владата на Република Македонија со цел да го обезбеди мирот, заштитата на граѓаните и спречувањето на меѓунационалните судири ќе ги превземе сите мерки што спаѓаат во нејзина надлежност. Сметам дека тоа и досега никој не го оспорил тоа право на Владата. Зошто да стои како заклучок? Тоа е секојдневна работа на Владата преку одредени министерства да го штити мирот на граѓаните и нивната слобода.

Мислам дека тој заклучок воопшто не би дошол како заклучок по овој дел кој што го имаме денеска за расправање и настанатата состојба во Македонија. Мене ми се чини апелите кои што ги упатуваме држат за да успееме да го повратиме она население албанско кое што има бојазност од пресија, но само со апели во тоа не би успеале. Ние треба да бидеме таму на теренот, да ја обезбедиме таа нивна гаранција. Се зборува дека имало емисари надвор од Републиката, имало луѓе од Косово. Кои се тие луѓе? Дали имаме некого фатено и да видиме што бараат и како ги организираат. Бидејќи такво нешто се зборува, јас би барал Владата со една друга информација да ни ги изнесе тие луѓе кои се, кој го поттикнува тој албански народ на еден таков чин? Се кажа дека има и албанци од овде, внатре, дел од партиите од ПДП и НДП. Да видиме кои се тие луѓе? Со информацијата констатираме дека овој акт е против уставен. Доколку е против уставен се што е против уставно и незаконито мора да има репресија. Како и да мислиме ние, неможеме со молба, тогаш не би требало да има држава. Државата се штити со своите органи, со законите. Затоа се носат законите. Ако ги кршиме законите, ако нема репресија, тогаш зошто ги носиме законите, тогаш зошто ни е судството? Ние констатиравме власт на судство. Каде се судовите? Се зборуваше за правното постоење на политичките партии ПДП и НДП. Јас ги барав како заклучок. Ми се чини дека тоа е работа на уставниот суд да ја преиспита положбата на секоја партија дали истата делува во рамките на своите програми и дали делува во согласност со Уставот на оваа земја. Доколку не делува да се покрене таква постапка и тогаш таа партија може да се брише од регистерот.

ЕФТИМ МАНЕВ : (продолжение)

Па од тоа ми се чини дали би можеле сега да ги формулираме тие заклучоци, но сметам дека покрај апелите мора да преземеме репресивни мерки преку Министерството за внатрешни работи, судството, јавното обвинителство и Уставниот суд. Мора да ги утврдиме тие работи инаку вака конститутивно и вака ние како што одиме не би ни требало да го гледаме ова затоа што не само ние пратениците целата јавност го знаеше тоа дека албанското население покренало постапка, донело решение за референдум за да гласаат за автономија во Македонија да се издвојат. Тоа беше јасно, не ни требаше нам тоа. Што можеме да преземеме? Дали е тоа желба на целиот албански народ или дел од тој албански народ. Кој е тој народ што го мобилизира? Доколку го мобилизира спротивно на желбата, доколку постои пресија треба да ги заштитиме тие граѓани за да можат и тие слободно да живеат. Доколку е така, а доколку не е така ќе треба да се изготви посебна информација. Ви благодарам на вниманието.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Димитар Трпеноски

ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:

Почитувани колеги, со плурализацијата на политичкиот простор на Македонија очекував дека ќе исчезнат сите емигми и сценарија и минатото за мирна трансформација на Македонија во самостојна и суверена држава поврзана со трансформацијата на моделот на југословенската заедница. Живеев со убедување дека граѓанскиот суверенитет како поширок ќе биде прифатен и од албанската националност, живеев со убедување дека човековите права се лични права и слободи и дека врз тие основи човекот ќе го напушти рубиконот

на колективистичката опција и дека ке живееме во еден слободен и демократски простор во Македонија.

Меѓутоа соочени сме и мислам дека за тоа сме должни да водиме дијалог со една антиуставна активност која секако треба легитимно да ја негираме преку уставната институција - Уставниот суд.

Соочени сме со еден нов, а сепак познат колективистички проект каде што лично мислам односно имам убедуваање дека граѓанинот албанец како индивидуа се става во рубиконот на самоизолација во колективистичкиот проект, дека истиот на тој начин се дистанцира од граѓаните на Македонија односно од се што е не албанско или се што е македонско во Македонија.

Имам убедување дека Македонија наместо самостојна и суверена држава се сака да се трансформира во конфедерална држава. Имам убедување дека албанскиот етникум се става во рубикон, дека националната свест систематски се моделира за политички потреби на политичките партии во конкретниот случај секако ПДП и НДП и дека албанскиот граѓанин може да биде трансформиран во средство за израционални политички цели.

Мислам дека е видено и доживеано до сега низ косовскиот синдром, низ српско-хрватскиот синдром каков е епилогот на таквите колективистички проекти. Тоа секако трансформација на народот во војска, создавање на партиски и парапартиски воени формации односно поставување на силата како најсуверено средство за решавање на меѓусебните односи на граѓаните во една држава. Мислам дека демократијата како владавина на мнозонството ние ја искорегиравме со човековите права и слободи на граѓаните од албанската националност иако

се согласувам со тоа дека на човекот правата никогаш не му се доста и дека дијалогот за правата секогаш е отворен и траен.

Меѓутоа, згрижен сум со тоа, како да се соочуваме со едно сценарио кое е видено исто така во минатото, а тоа е сценарио на претензиите на соседна Албанија на освојување на Македонија по мирен пат и тоа преку употреба на демографскиот фактор или демографскиот проек кој се огледа во високата демографска експлозија особено во пределите на Западна Македонија кое се огледа во автархичното прелевање на албанските граѓани во пределите на Западна Македонија, соочени сме со една чудна синтагма миграции спрема сиромашен Југ што не може да има епитет на миграциони движења, бидејќи е познато дека истите се одвиваат спрема побогатите краеви. Затоа велам сценарио.

Исто така, со една зголелена активност на ставање на македонските муслимани под чадорот на ПДП и НДП и на крајот на краиштата се со еден епилог да се покаже дека албанските граѓани во западните предели на Македонија се бројни и да се актуализира проектот на автохтоноста на албанските граѓани во западните предели на Македонија. Иако е познато, вчудовидени сме сега како може од 1981 година кога претседател на пописната комисија во Македонија беше Хисен Рамадани имаме бројка од 19% албанско население во Македонија, а сега се со бројка еден милион и натаму, да не зборувам за ситориските факти кои и припаѓаат на науката и кои можат да ја докажат на најрелевантен и научен начин оваа појава.

Паралелно со ова сценарио ме загрижува што се актуленизира паралелно друго сценарио, а тоа е дека Македонија е темен вилает и дека е најрепресивна средина, па се вчудовидуваме како во една

ваква репресивна средина да биде така плодотворна за висок наталитет и за прилив на бројни луѓе во западните предели на Македонија. Сега е сосема јасно зошто беше бојкотиран пописот и зошто имавме одредени недоразбирања кога го носевме Уставот, меѓутоа, исто така ми е драго што ни една од македонските партии вклучувајќи ја и националната партија не ги негираше европските стандарди за човековите права и слободи се со цел да не дојде до реализација на еден колективистички проект во Македонија односно да не се трансформира Македонија во воено жариште да може да се живее онака како што веа определбите на релација на демократската европска формула за трансформација на македонското општество, меѓутоа, за жал мислам дека можеме да констатираме дека ете на тој пат сеуште имаме одредени проблеми.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, Најпрвин би започнал, ќе гледам колку што можат да бидам пократок затоа што доста се кажа, но прво би го поздравил овој предлог на Владата за вршење дополнителен попис на албанското население под контрола на меѓународна комисија. Покрај тоа би дополнил, бидејќи албанците кажуваат дека се 40% исто така нивниот лидер кажува дека се еден милион, а нашата Република ќе биде подложена на трошоци, затоа предлагам во случај ако при пописот не испадне дека се 40% тогаш трошоците да ги сносат овие две партии. Ако бидат 40% во тој случај трошоците ќе ги сноси Владата. Само тоа како вовед.

Читајки книги и списанија сум сретнувал некаде кажува дека историјата не се повторува, а некаде историјата се повторува. Навистина некаде историјата се повторува како фарса, а некаде како трагедија.

Со одењето на едноумието сметавме дека историјата заврши, но што станува? Едноумието отиде, но луѓето што го спроведуваа тоа едноумие останаа. Тоа е трагичното за нас посебно во Западна Македонија, ние го чувствуваме доста трагично затоа тие луѓе што го спроведуваа едноумието придонесоа да јакне албанскиот национализам и сепаратизам. Тука им помага исто така левиот блок заедно со експертската влада и другите партии од левиот блок. Јас и мојот народ во западниот дел од Македонија навистина ова трагично го чувствуваме, а може да се уверите во тоа тоа е овој референдум, покрај сите работи ки се случуваа досега.

Во меѓународните конвенции стои право на самоопределување има само народ, а не и национално малцинство. И покрај тоа тие бараат да се прогласи автономија. Со тоа свесно имаме потхранување на тезите еден народ во една држава која создава клима за меѓунационални конфронтирања, а тоа го правдаат дека албанците во Македонија се обесправени и загрозени. Напротив, македонците во Македонија посебно во западниот дел се загрозени. Тоа ќе го докажам со следните факти.

Прво, узурпираше на земјиште. Најповеќе узурпирање на земјиште имаме во Западна Македонија.

Второ, дивоградбите. Каде се дивоградбите, се знае во тој крај.

Трето, не плаќање даноци.

Четврто, шверц со оружје, дрога и девизи.

Петто, образованието. Неводење евиденција и документација на македонски јазик, бојкрирање на наставата на македонски јазик, неподигање на свидетелства и книшки итн.

Шесто, рушење на надгробни споменици.

Седмо, скрнавење на цркви и манастири.

Осмо, силување на жени и малолетни деца како женски така и машки.

Деветто, убиства. Од 1944 година наваму сите овие работи ние во западниот дел сме ги доживеале. Сега со формирањето на политичките партии дојде нов начин на делување. Со формирањето почнаа најпрвин да го војкотираат пописот, потоа референдумот, не гласаа за Уставот, дадоа меморандум до сите европски политички куќи каде ја озборуваат Македонија и сега на крај дојде овој референдум.

Распишувањето на референдумот е спротивен на Уставот на Република Македонија според членот 68 од Уставот на Република Македонија единствено Собранието е овластено да донесе одлука за распишување на референдум. Според Законот за општествените органи, организации и здруженија на граѓаните член 93 кој предвидува забрана на работа на општествени организации и здруженија на граѓани кога нивните активности се користат за уривање на основните општествени уредувања утврдени со Уставот. Загрозување на независноста на земјата, за кршења на слободите и правата на човекот загарантирани со Уставот. Разгорување на национална, расна, верска омраза и нетрпеливост.

Знаејќи го сето тоа се поставува прашањето и би барал да влезе, покрај другото, во Заклучоците покрај тоа што предложив за плаќањето задолжително треба да стои една точка санкции против организаторите и втора точка укинвуање на политичките партии ПДП и НДП.

СТОЈАН АНДОВ:

Се е запишано колку се јавиле. Господин Гошев е 10-ти а вкупно се јавиле 28.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас мислев дека претседателот ме запоставува мене.

СТОЈАН АНДОВ:

Сите мислат така.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Господинот Петров употреби збор дека несака никого да навредува и дека едноставно тоа го кажува заради тоа што неговата совест му налага да го каже.

Јас од истата причина сакам да кажам за ова прашање вечерва, иако останавме малку овде во салата и по цел ден седејќи овде незнам колку има и концентрација да се слушаме за вака тешки и сериозни прашања. Но, еве ќе се обидам, иако не е тоа којзнае .каква и новина што би ја кажал. Работите се познати, рно мојата загриженост сакам да ја искажам на следниов начин.

Постојано помислувам кога на дневен ред ќе ни дојдат прашањата за лебот, за струјата, за водата, или пак ќе чекаме тие прашања некои да ни ги донесе од надвор, а тогаш се плашам дека ќе биде прилично доцна и мошне штетно за сите нас, за целиот овој народ кој што имаме прилика, за среќа или несреќа да го претставуваме во овој период. Но, од овие теми за кои мислам дека стално еднаш ќе ги завршиме и ќе дојдеме на овие од кои се живее, еве никако да излеземе од тие прашања.

Сите вие го знаете грчкиот мит за Зевс Прометеј и Пандора. Знаете Зевс кога се налутил, откако Прометеј го надмудрил во врска со изборот на вреќичките, дали на боговите ќе им се принесуваат како жртва вреќичката со месо или ќе ми принесуваат коските или салото од бикот што требало да го колат. И поводот било кога заради што Прометеј и огнот му го вратил, нели, на народот откако овој сакал да го казни народот па да го натера да јаде животм месо, го оковал Прометеј за столбот на Кафкаските планини каде што алчните орли по цел ден му ја колвале јетрата со години и години, а на болката и немало крај заради тоа што ноќе по студ и

и мрак му зараснувала а дење орлиштата повторно му ја колвале истата јетра. Зевс, се разбира несакал тоа да го признае и ја префрлувал вината на други дека му е поттурена лага дека Атина наводно го поканила Прометеј на таен состанок, некој си љубовен.

Јас се прашувам, дали има некоја метафора и тоа со голема реалистичка содржина меѓу оваа наша состојба на Балканот поточно во ова што го нарекуваме Југославија, ова што го нарекуваме суверени републики и дали има реализам во таа метафора кога ја проценуваме нашата можна состојба во Македонија. Можам да кажам дека се плашам дека има голема вистина, дека една таква метафора отсликува и една наша југословенска состојба овде и можна наша македонска состојба. Зошто?

И вие на југословенските простори произведовме или добивме богови со лутината на Зевс, а улогата на Прометеј бездруго му припадна на обичниот народ. Тие богови не по име Зевс туку со секојдневни обоземни имиња: Слободан, Фрањо, Вељко, сега имаме и некој друг Халили и итн., неможат веќе долго да го поделат бикот односно републиките и неможат долго да го завршат надмудрувањето кому да му ги подметнат коските и салото, а кому да му го дадат месото од бикот што го делеле. И затоа, од ислна лутина со помош на своите орли и орлишта почнаа на Прометеја односно на народот, а ние сме одговорни за тој народ на граѓаните всушност да им ги сечат гркланите на овие југословенски простори, да им ги колваат очите, ставајќи ги во тегли, нели имаме примери за тоа, да им сечат разни делови од телото, а тоа истото дури и да им се случува и на новороденчиња. За тоа имавме страшни и ужасни слики кои што ги добиваме низ средствата за информирање. Наводно после сите тие искушенија и жртви за својот народ, тие наши богови ќе го обезбедат целиот бик, што ќе рече целата територија, а под тоа едни подразбираат голема, огромна Србија на пример во некои наводни

историски граници, Хрватска во некои исто така наводно историски граници, Албанија во некои граници што ќе ги собере сите автохтони Албанци. Единствено фна овој балкански простор тоа право го немаат македонците, според околните богови. Тие не само што не се автохтони туку според овоземните богови, околни пред се, а се јавуваат и некои домашни, едноставно ги нема. Тие се според нив на туѓа земја, со украдено име се тие според грчките богови. Тие се измислен националитет. Едноставно тие се фатаморгана. Нив дури ги нема и таму каде што ги има. Така ни покажуваат овие наши околни богови, или пак некои од боговите дозволува да ги има, тогаш може да ги има, арно ама само толку за на крајот на пребројувачите да им биде сеедно дали воопшто ги има или нема. Затоа во Македонија се појавија и 300 илјади Срби, беше спомнувано нели, нели, јас повторувам малку и 200 до 280 илјади Власи со грчко потекло и 800 до милион и повеќе автохтони Албанци или 40 до 50% од вкупното население, според изјавата на господинот Халили. Затоа се тврди од истокот на Македонија дека  освен другите сето останато му припаѓа на категоријата благонадлежни блгари. Едноставно умот да ти штукне од тоа колку не имало или ги имало овде и сега. Ако вака се продолжи се плашам дека во споредба со нас цела чина со вкупното население ќе ни изгледа колку една селска касаба, колку овде не имало на овој македонски простор.

Се прашувам себе си, го прашувам раководството :на ПДП и НДП, бидејќи се работи за референдум кој се организира од нивна страна, без намера да држам лекции и слично, нека не ми биде тоа припишано, го прашувам господинот Халили, господинот Емини, иако не се овде, иако имавме прилики да разговараме но изгледа се помалку, како прво одговорни во нивните партии, зошто

и во Македонија сакаат да го видиме окованиот Прометеј, кинењето живо месо од телото на граѓаните на оваа мала мироЉубива државичка која како Прометеј многупати била оковувана и раскинувана. Кому му е потребен таков референдум, господа, водачи на албанската националност во Македонија, водачи изразени низ водството на политичките партии. Зарем нашето сопствено историско искуство, мислам има историското искуство на Албанците и на Македонците и на Турците и на сите на воие простори не ни е доволно. Зарем сегашнава голгота на српскиот и хрватскиот народ не се доволна поука. Кој се тие граници што можат да оправдаат такви жртви и страдања какви што сме имале прилика да бидеме сведоци во историјата и имаме прилика да бидеме сведоци сега што се случуваат и што може со не баш со голема видовитост да се претпостави какви што може да настануваат на овие простори од бивша или незнам каква Југославија.

Најавениот референдум сепак е најпосле експлитицно обелоденетата намера за нова географија и на овој мал простор што го нарекуваме македонски и на кој што живееме од дамнина од разни националности. Просторот на кој што некои одамна сакаат да се појави на главните вести во информативните медиуми како јужен таканаречен фронт. Зошто и во Македонија се потхранува тезата и доктрината една нација една држава,една вера, една заедница. Зошто? Зошто тоа помрачување на умот и нас да не записка. Зошто сите зла од таа пандорина кутија да се истурат врз Македонците, Албанците и сите други националности што живеат овде на овој простор.

Раководството на ПДП и НДП и сите пратеници од албанската националност во овој Парламент без број пати изјавија дека се за суверена, единствена, недделива Македонија, дека на никого не му паѓа на ум за друго решение, дека Македонија ја чувствуваа

за својa татковина, дека е длабока навреда од тие кои што се обидуваат нив да ги третираат како гости со што апсолутно се согласувам на овие простори нема ни гости ни домаќини, сите се домаќини. За тоа сум говорел повеќе пати, да не повторувам, дека дури и бојкотот на референдумот и негласањето на Уставот од страна на пратениците од албанската националност во никој случај не значат зборот во никој случај го слушав почесто, постапка што е уперена против суверенитетот на Република Македонија. Зборот во никој случај го употребува господинот Халили, претседател на ПДП, за ситата оградa да ја напрви во повеќе прилики, имајќи прилика да го слушаме. Ако се тврдело така, а за тоа знаеме сите дека се тврдело така, сме разговарале повеќе пати, јас ги поставувам следните неколку прашања:

1. Зошто господинот Халили дава изјава со која вели дека засега референдумот незначи барање за отцепување на западниот дел од Македонија и негово припојување кон Албанија. Зборот засега е мошне значаен во таа изјава.

2. Зошто дава изјава во која вели дека во случај за распаѓање на Југославија Албанците од Косово и од Македонија ќе се приклучат кон Албанија, едната варијанта, а ако Југославија остане во некаков облик на интеграција, тогаш Косово заедно со делови до Македонија:; треба да формираат посебна република во таа југословенска асоцијација. Тоа е истиот став на одделни политички првенци од покраината Косово.

Со овој став се негира дури и зборот "засега" од првиот став. Всушност, тоа значи дека политичката платформа на ПДП е ниту засега, ниту после, туку веднаш одделување од Македонија или со директно спојување со Албанија или преку Косово. Јас поинаку неможат да го толкувам тоа.

3. Зошто раководството на албанските партии во овој миг се јавуваат на страната на тие што сакаат да се попречи меѓународното признавање на Македонија. Зошто сега сакаат да се попречи сега меѓународното признавања на Македонија. Дали им се чини дека е ова матниот момент кога можат да го зграпчат целиот бик или месото од него. Зошто раководството на албанските партии кои инаку се декларираат дека се за изградба на граѓанскиот концепт на Македонија, за тоа разговаравме повеќе пати, се прогласуваат за демократски партии. Ние сите се прогласуваме, но суштината можеби за сите нас е поинаква. Се определуваат за ставовите на српското раководство чија теза е сите Срби во една држава, овде сите Албанци во една држава, таму сите Хрвати во една држава и сл. Од кога расното и верското чистунство имаат врска со граѓанскиот концепт на уредување на државите, со човековите права и слободи воопшто, а да не говорам за човековите права и слободи од втора, трета или некоја понатамошна генерација кон која треба да тежнееме ние со уредувањето на нашето општество.

Во поновата историја Хитлер се обиде да создаде држава со чиста раса и вера. Последиците и по таа држава и пошироко на сите ни се познати, овде има доволно образован свет, а за тоа не требаше ни да се има образование. На своевиден начин денес не се далеку од таков обид ни Милошевиќ и Туѓман, иако сега слушаме нови тонови во нивните политики. Досегашните последици се познати, наредните, ако бидат продолжена ваквата политика ќе видиме, нема да бидат поинакви и помали од досегашниве.

5. Зошто раководството на ПДП и НДП се вклучува во ред на оние кои и од Албанците и од Македонците сакаат на овој

простор да создадат експериментална лабораторија во која европските експерти, без негирање на нивните добри намери и помош ќе осознаваат како не може да се решаваат меѓунационалните конфликти, како не се прави држава, како се враќа историјата назад како и на кој начин животот на луѓето станува најевтината стока, а ние доживеавме и во ова време во Хрватска животот да стане најевтина стока.

6. Зошто според раководството на ПДП, поточно според господинот Халили на Албанците во Македонија и требаат тутори, толкувачи на нејзините интереси од надвор. Потсетувам дека господинот Халили дека центар за координација на активностите на НДП и ПДП е Косово па дури и Тирана. Можеби и пренесените вести не се најточни, ако не се најточни, јас се извинувам. Зарем Албанците во Македонија не се способни сами да го чувствуваат својот интерес, да се борат за своите права, да размислуваат за доброто и лошото па им треба некој од надвор кој ќе им биде светилник, распознавач на нивнтие интереси. Не е ли тоа навреда за трудољубивиот Албански народ. Им треба ли такво нешто на интелегентните, образовани мудри луѓе какви што се господинот Ешреф Алиу, Абдурахман, Мурати, Зибери и да не ги редам сите заради тоа што мислам на сите овде дека се со висок квалитет во ова Собрание и дека не се тие луѓе на кои што им требаат центри од надвор кои ќе ги советуваат што да прават. Му треба ли тутор на овој Албанец, трговец, земјоделец, лекар, професор што со децении овде живее, опстојува, делејќи го доброто и злото со Македонците, со Турците, со Ромите. Според господинот Халили изгледа дека треба.

Господа, јас не сакам за мене да мисли ни господинот Глигоров, иако е мудар човек и наш претседател што го почитуваме,

ни господинот Андов, ни господинот Кљусев, јас сакам со моја глава да го чувствувам и остварувам својот интерес. Мојот живот е живот на индивидуа и како индивидуа сакам да имам право на избор. Што подалеку од чопорот и диктатот на семоќниот поглавар толку подлабоко можеме да навлеземе во поновата историја и да бидеме толку подалеку од историјата што е зад нас. Зошто сега се распишува референдум кога застојот, ова е многу важно прашање за мене, во унапредувањето на правата на националностите е совладан, заедно го совладавме на овие простори. Имаше застој и го совладавме со Уставот, без оглед дали некој се согласува или не, кога воопшто усвоивме Устав кој во основа почива на граѓанскиот концепт на уредување на општествените односи, иако има тука прашања за кои што рековме се жива материја и ќе се доградуваат, кога Македонија бара меѓународно признавање како суверена држава, а немаше партија која не го поддржа суверенитетот на македонската држава. Изјавите ни се свежи и кај сите присутни. Се исплаши ли некој дека со демократскиот Устав што го усвои Парламентот, со совладувањето на застојот во унапредувањето на националностите ќе ги изгуби причините ѕа кавга, за распалување на страстите, за месијанската улога што си ја определил пред своите поданици. Господа, ако вака се продолжи нема да се случи ништо друго освен својот народ своите граѓани да ги доведеме во улогата на Прометеј, до тоа од двете вреќички нашиот народ да јас добие таа со коските, или нешто уште пострашно од тоа, да се претвори во тоа. Ова не е во смисла на некоја закана, зборувам за целиот народ што живее во Македонија.

Ги прашувам сите националшовинисти, расисти, националсоцијалисти што се појавија во ова време, зошто на крајот на краиштата мировните планови на ЕЗ на господинот Венс, Карингтон,

на крајот ќе бидат сепак прифатени, Што ќе биде билансот на воинствените политики, на политиките на прекројувачите на границите, на политиките за бескрупулозна етничка војна. Зошто на крајот на краиштата господинот Кадиевиќ даде оставка, господинот Милошевиќ му пишува денес писмо на господинот Бабиќ со несвојствена содржина за човечките животи, за жртвите и слично на тоа. Зошто господинот Туѓман го прифаќа тоа што до скоро не сакаше ни да го слушне, ни да помисли за тоа.

ПЕТАР ГОШЕВ: (Продолжение).

Зарем навистина сакаме да ги повторуваме туѓите катастрофални грешки и нашите од подалечната и блиска историја. Господа, ние немаме друг пат од тој што го започна овој Парламент. Да гради демократска, социјална и граѓанска држава, во која не ќе биде важно кој од која националност и вера е. Во спротивно. аксиома е дека сите ќе бидеме губитници.

На крајот, јас не се изненадувам што има албански, македонски и други екстремисти, националисти во негативна смисла на зборот. Се изненадувам, сум вчудоневиден едноставно пренеразен ако нема доволно македонци, албанци и други што ќе им се спротивстават на сејачите на апокалипсата.

Затоа, им се обраќам на демократите од сите националности да се здружат, да преговорат, за да не кажат потоа дека тие не се одговорни, други го направиле тоа и слично на тоа, како што сега со задоцнување после толку страотни настани почнаа да се јавуваат и да го кажуваат својот глас демократи, хуманисти осведочени, но молчеа и во Хрватска и во Србија и на други места. СТОЈАН АНДОВ:

Да се договориме до кога ќе работиме. Има уште 19 односно 20 говорници. Предлагам господинот Личовски вечерва да биде последен говорник, а утре да продолжиме од 10,00 часот.

ВЕСКО ЛИЧОСКИ:

Почитувано Претседателство,

Почитувани пратеници!

Мотивиран од соопштенијата што се емитувани во средствата за јавно информирање дека албанската националност во Македонија намерава на 11 и 12 овој месец да спроведе референдум за политичко-терито-

ријалјалната автономија на Албанците во Македонија. Почнав да размислувам за задницата на овој политички проблем која обременува и така сложената политичка ситуација.

Како што знаете јас сум од Кичево каде што живеам со повеќе националности. Меѓу националните односи во таа општина се сеуште толерантни и подносливи. Но, екстремистите со своите однесувања, пред се од албанската националност сакаат крајно да ги заладат меѓунационалните односи во таа средина. Албанските екстремисти во своите дејствувања имаат своја историја која има свој континуитет на дејствување. Имено, во војната голем број на тогашните екстремисти најдоа закрила во поврзување со окупаторот и беа предводени од злогласните балистички водачи Џемо и Мефаил. Па така на мирното македонско население во ова подрачје му причинија големи штети со палење, ограбување и други видови насилничко однесување, како и вршење издајства на народно-ослободителните сили. Што сега, овој народ кој што живее во ова подрачје по никоја цена не би го сакал да се повтори истото, затоа што Кичево и кичевско не може да ги заборави метежите на Вуковиќ, Кленоец, Попоец, Малкоец, Карбуница, нанесени од балистите како и седумкратното ослободување на градот.

По војната сите чесни албанци кои ја прифатија новата власт добија рамноправен граѓански статус со Македонците каде што меѓу нив заедно со Албанците развиваа добри пријателски меѓунационални односи.

Со тек на време, а по готово во последните години, албанските екстремисти покрај вербалните истапувања на седенки, свадби и други домашни веселби, вормирааа илегални непријателски организации, чија активност беше диригирана од странство

од екстремистите што ја напуштија земјата овие екстремисти во својата платформа се поврзуваа и наоѓаа поддршка со своите истомисленици од Косово и Метохија и Албанија.

Имено, почнаа да се одредуваат имиња на новороденчиња карактеристични за Албанија, создавање на етнички чисти средини, преку неконтролирана дива градба која зеде голем замав, па така за кратко време се изградија повеќе етнички чисти населби, а со поништувањето на нашите историски и културни споменици, како на пр. црквата Св. Горѓија во с. Могорче - Дебарско го поништуваат постепено христијанството во тие места. Во наставно-образовниот процес, Албанците наставници овие екстремисти отпочнаа да ги преправаат презимињата на учениците, а носителите на одговорни функции во власта покажуваат двоен морал во смисла на "едно зборувај, а друго работи, така што воопшто не се залагаа за спроведување на законите во нашите краишта каде сожителството беше на висина. Заедништвото постепено беше нарушувано со организирање посебни екскурзии, матурски вечери, посебна настава, бојкотирање на настава на македонски јазик и сл. Во оваа смисла за одбележување е неконтролирана градба на верски објекти каде што беа градени дури и фамилијарни џамии, а во истите се вршеше асимилирање и индоктринирање на Македонците муслимани и Ромите, се разбира на верска основа.

Со оживотворувањето на плурализмот преку политичките партии развија голема активност на бојкотирање се што е македонско. Имено, се повеќе се истакнуваа соопштенија и фирми само на албански јазик, се одржуваат еднонационални собири на кои се зборуваше само на албански јазик, се омаловажуваше историјата на македонскиот народ се бојкотираа државните институции, се избегнуваа угости-

телските и трговски услуги од Македонци, се интензивираа дивоградбите. Со ваквите активности се створи нивна национална затвореност и една несигурност на чесните Албанции, Македонците муслимани и другите муслимани со исламска вероисповест. Екстремистите Албанци, дел од платформата од илегалните непријателски организации успеа да ја реализираат и наметнат преку секојдневната партиска активност, која што ја спроведуваат поготово во западното поднебје на македонската држава. Така, истите извршија силен притисок во времето за да не се излезе на пописот и да не се утврди вистинската бројка на албанските жители, не се излезе на референдум, а иако колегите Албанци учествуваа во расправата и изготвување на уставот, истите не го гласаа со цел да створат простор за натамошни нелегитимни активности. Во оваа смисла во општина Кичево и денес работат две приватни училишта и тоа осмолетка во с. Бачишта, каде децата се измачуваат албанска азбука дури и во вишите одделенија ја учат азбуката која им била туга. Сличен е случајот и со приватната гимназија во с. Длабкин Дол, во која наставен кадар се лица кои биле во судар со законот, а со цел да го решат својот личен статус, ги манипулираат учениците и погрешно ги насочуваат во активностите што значат непочитување на законите од системот.

Вакви и слични појавни облици предизвикуваат вознемиреност кај граѓаните во Кичево не само кај македонците туку и кај чесните Албанци, зошто бавно се решаваат проблемите, зошто екстремистите се обидуваат да делуваат како паралелна власт, а со тоа се нарушува заедништвото, не само во ова подрачје, туку и во целиот западен крај.

Од овие причини да се донесат и прифатат следните заклучоци:

1. Да се попречи спроведувањето на референдумот закажан за 11 и 12 овој месец.

2. Спрема носителите на ваквите активности да се преземат соодветни мерки на одговорност од страна на надлежните органи.

3. Спрема лицата што нив ги спроведувале законите и законските прописи во државните органи, а дозволиле да ескалира поготово дивата градба, узурпациите на општинскиот имот, како и други појавни облици што значат рушеше на македонската државност и изигрувашe на законите да бидат работно дефинирани од државните органи.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, по договорот, ние сега завршуваме со работа, а продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата е прекината во 23,30 минути).